Република Северна Македонија
**Министерство за труд и социјална политика**

# ИНФОРМАЦИЈА ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ, СОГЛАСНО ПРИОРИТЕТИТЕ ОД СТРАТЕГИЈАТА И АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА 2020



Скопје, јули 2020

Во август 2017 година, Владата на Република Северна Македонија ја разгледа и ја усвои **Стратегијата за безбедност и здравје при работа 2020**, заедно со **Акцискиот план** за нејзина имплементација, за периодот 2017-2020. Оваа нова стратегија се базира и се надоврзува на претходните стратешки документи во областа, т.е. на Националната стратегија за БЗР 2011-2015, Стратегија за здравје, здрава животна и работна средина и безбедност на работа во Република Македонија 2006-2010, со што се обезбедува континуитет во стратешкиот пристап во однос на развојот на националниот систем на безбедност и здравје при работа, како и негово прилагодување кон актуелните социо-економски трендови во државата и усогласување со европските стандарди и норми. Истовремено, при подготовката на Стратегијата и Акцискиот план за БЗР 2020, се внимаваше тие да бидат поврзани и усогласени и со Агендата 2030 и целите за одржлив развој (SDGs) на Обединетите нации.

Стратегија за БЗР 2020 има нов концепт и се состои од три дела:

- Стратешка рамка,
- Стратешка основа за поддршка и
- Акциски план со дефинирани приоритети, цели и конкретни акции, рокови, одговорни институции и индикатори за евалуација.

Стратегијата и Акцискиот план се подготвија во координација на Советот за безбедност и здравје при работа и со консултации и учество на повеќе релевантни субјекти, т.е. засегнати страни (претставници на надлежните државни институции, научни, образовни, здравствени институции, организации на работодавачи, организации на работници, релевантни организации на стручни лица). Целта на овие стратешки документи е да обезбедат континуиран развој на националниот систем на безбедност и здравје при работа и вклучување на сите релевантни фактори во државата, што ќе допринесе за намалување на повредите на работа и професионалните заболувања и ќе има и позитивно влијание врз економскиот раст и развој и создавањето на нови работни места.

Стратегијата за безбедност и здравје при работа 2020 утврдува десет основни национални **приоритети**, односно утврдени цели, околу кои се групирани и дефинирани и конкретните активности содржани во Акцискиот план за имплементација на Стратегијата за БЗР 2020.

Националните приоритети/цели се следните:

1. **Отворена и ефикасна законска рамка** (Јакнење на националната политика за здравје и безбедност на работа);
2. **Административни капацитети и човечки ресурси** (Унапредување и развој на административните капацитети и човековите ресурси во областа на безбедност и здравје при работа);
3. **Образование во системите за БЗР** (Развој на програмите за тренинг и едукација од областа на здравје и безбедност при работа);
4. **Совет за безбедност и здравје при работа** (Зајакнување на улогата на Советот за БЗР);
5. **Здравствена заштита на работниците** (Развој на системот, службите и услугите од медицината на трудот во рамките на националниот здравствен систем);
6. **Истражување и развој** (Одредување на приоритети за истражување и развој – нови и зголемени ризици);
7. **Култура на превенција и промоција на здравјето на работниците** (Превенција и промоција на здравјето на работниците);
8. **Превенција на професионални болести, болести во врска со работата и повреди при работа** (Следење и откривање на професионалните болести и превенција и намалување на бројот на повреди при работа);
9. **Индикатори и информатички систем во БЗР** (Унапредување и јакнење на информативните системи во областа на здравје и безбедност на работа);
10. **Меѓународна соработка во областа на БЗР** (Меѓународна соработка во областа на здравје и безбедност при работа).

Во понатамошниот дел се прикажани информации и краток опис за конкретните активности и мерки кои се реализирани во изминатиот период (пред сè во текот на 2018 и 2019 година), а се во функција на имплементација на Стратегијата и Акцискиот план за БЗР 2020 и на остварување на утврдените цели и приоритети.

Придонес во изготвувањето на овој Извештај преку обезбедување на релевантни податоци и информации за реализираните активности и постигнатите резултати, дадоа членовите на Советот за безбедност и здравје при работа и институциите, организациите и здруженијата кои тие ги претставуваат.

Извештајот е разгледан и усвоен од страна на Советот за безбедност и здравје при работа на 7 август 2020 година.

## 1. **Отворена и ефикасна законска рамка** (Јакнење на националната политика за здравје и безбедност на работа)

### 1.1. Подготовка и усвојување на Стратегијата за безбедност и здравје при работа

Во август 2017 година, на 23-та седница одржана на 15.08.2017 година, Владата на Република Северна Македонија ја разгледа и ја усвои Стратегијата за безбедност и здравје при работа 2020, заедно со Акцискиот план за нејзина имплементација (2017-2020). Стратегијата и Акцискиот план се објавени во „Службен весник на РМ“ бр. 115/17 од 22.8.2017 година. Координирано од Советот за безбедност и здравје при работа, Стратегијата и Акцискиот план беа подготвени во консултации и со учество на повеќе релевантни субјекти и засегнати страни, вклучувајќи ги тука надлежните државни институции и организации, научни, образовни, здравствени институции, социјалните партнери, здруженија на стручни лица. 2017

Во рамките на консултациите кои се одржуваа за подготовка на стратешките документи, во јуни 2017 во организација на Министерството за труд и социјална политика и Националниот Совет за БЗР и со поддршка од канцеларијата на Фондацијата Фридрих Еберт, се одржа тркалезна маса со сите клучни партнери од областа на БЗР, на која се дискутираше по однос на подготвените нацрт верзии на стратегијата и акцискиот план. 2017

### 1.2. Имплементација на Стратегијата за безбедност и здравје при работа

Активностите се реализираат континуирано со интензитет и динамика во зависност од расположливите капацитети и ресурси, можностите и ангажманот на различните субјекти кои делуваат во областа на безбедност и здравје при работа во Република Северна Македонија.

Со овој Извештај се прави обид да се даде приказ на најзначајните информации и краток опис за конкретните активности и мерки кои се реализирани во изминатиот период (пред сè во текот на 2018 и 2019 година), а се во функција на имплементација на Стратегијата и Акцискиот план за БЗР 2020 и на остварување на утврдените цели и приоритети во нив.

### 1.3. Евалуација на спроведувањето на Законот за БЗР во период 2007-2017

За поддршка на имплементација на оваа активност предвидена во Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за безбедност и здравје при работа, на иницијатива на Министерството за труд и социјална политика и Националниот Совет за БЗР, беше побарана и одобрена експертска помош од Меѓународната организација на трудот, за спроведување на оценка на усогласеноста на македонската законска рамка за безбедност и здравје при работа, т.е. Законот за БЗР со меѓународните стандарди (пред сè со релевантната Конвенција на МОТ бр.187), начинот на законското регулирање на оваа област, поставеноста и улогата на релевантните субјекти, како и анализа на искуствата на различни субјекти во досегашната, десет-годишна, имплементација на Законот за безбедност и здравје при работа, донесен во 2007 година. Реализацијата на

активностите во овој дел од страна на експертскиот тим, составен од домашни и меѓународни (МОТ) експерти од областа, резултираше со подготовка на извештаи и анализи кои првично беа презентирани и дискутирани кон крајот на октомври 2018 год. На 31 октомври 2018 година Организацијата на работодавачи на Македонија (ОРМ) и Националниот совет за безбедност и здравје при работа организираа тркалезна маса на тема „Ефекти од примената на мерките за безбедност и здравје при работа и предлози за нов закон или измени и дополнувања на постоечкиот". На настанот на кој присуствуваа членови на Националниот совет за БЗР, експерти од областа и претставници на други релевантни институции/организации/здруженија беа првично презентирани и дискутирани основните заклучоци од изготвената споредбена анализа, како и дадените препораки за идните чекори во развојот на законската рамка за безбедност и здравје при работа во државата. 2018

Овие извештаи, анализи и препораки, како и дискусиите и консултациите кои следуваа и ќе следуваат во наредниот период, ќе претставуваат и основа за законските измени, кои ќе имаат за цел понатамошно унапредување на законската рамка во оваа област и подобрување на утврдените недостатоци и слабости во нејзината досегашна примена.

Во рамки на отпочнатиот процес на анализа и унапредување на законската рамка за безбедност и здравје при работа, во текот на 2019 година се одржаа неколку консултативни работни средби, со цел да се обезбеди широка партиципативност и транспарентност на процесот. Кон крајот на март 2019 год., во организација на **Министерството за труд и социјална политика**, се одржаа три посебни средби со претставници на различни релевантни субјекти и заинтересирани страни. Со претставници на работодавачи и стопански комори, со претставници на работниците, т.е. синдикати и последната средба – со стручни лица и експерти (безбедност при работа, медицина на трудот и академска јавност). На овие работни средби беа дискутирани конкретни видувања, идеи и предлози за потребата од подобрување и унапредување на Законот за БЗР, базирани пред сè на досегашното повеќегодишно искуство од примената на законот и воочените проблеми и слабости кои ја отежнуваат примената, како и идентификуваните можности за подобрување. Беше побарано сите страни своите мислења и конкретни предлози дополнително да ги достават до Министерството.
На друга заедничка работна средба, во октомври 2019 година, беа детално презентирани и дискутирани добиените предлози и препораки од сите страни, што ќе претставуваат основа во понатамошните активности. Овој воспоставен инклузивен и партиципативен процес ќе треба да резултира со подобрена и унапредена законска рамка (нов или изменет Закон за безбедност и здравје при работа), а пред сè со подобрена имплементација, како придонес кон напорите за обезбедување на поздрави и побезбедни работни места во државата. 2019

Процесот на ревидирање на Законот за БЗР, со вклученост на сите субјекти, а врз основа на досега добиените информации, сознанија, коментари, предлози и сугестии, продолжува и во наредниот период.

*  *  *

Паралелно со овие средби, и голем број од релевантните чинители (социјалните партнери, здруженијата на стручни лица итн.), организираа свои интерни дебати, консултации, работилници за прашања поврзани со ревидирањето на законската рамка за БЗР.

Од страна на **Организацијата на работодавачи на Македонија (ОРМ)** во текот на март 2018 година оформена е работна група која имаше задача да креира прашалник за оценка на спроведувањето на Законот за БЗР. Членовите на Националниот совет за БЗР номинирани од страна на ОРМ активно земаа учество во давање на конкретни предлози по однос на постоечката законска и подзаконска регулатива поврзана со оваа област. Формираната работна група составена од повеќе од 10 претставници на компании членки на ОРМ изготвениот прашалник го достави до голем број на компании за искажување на свој став во врска со оваа проблематика. 2018

Извршната канцеларија на Организацијата на работодавачи на Македонија активно учествуваше и во спроведувањето на анкетното истражување (февруари/март 2019) за примената на одредбите од Законот за безбедност и здравје при работа, со посебен осврт на оценка на работата и улогата на докторот специјалист по медицина на трудот. Анкетното истражување беше спроведено од страна на Здружението на доктори по медицина на трудот. 2019

Во овој период (2018/2019 год.) и **Институтот за медицина на трудот на РСМ** и **Македонското здружение за медицина на трудот** земаат активно учество во спроведувањето на анкетите кај клучните партнери во системот на БЗР (работници, работодавачи, синдикати и сл.).

Во организација на **Македонското здружение за заштита при работа (МЗЗПР)**, во 2018 година се подготви Студија за примената на БЗР (автор: м-р Трајче Велковски; коавтори: проф. д-р Јасмина Чалоска, м-р Милан Петковски, Славица Јанкова), која дава приказ на безбедноста и здравјето при работа во државата преку конкретни основи кои произлегуваат од рамковната Директива за БЗР 89/391, транспонирани во Законот за безбедност и здравје при работа и ја претставува комплексната мрежа од меѓусебно поврзани организации и институции кои работат на спроведување, надзор и унапредување на БЗР.
МЗЗПР организираше и јавна дебата посветена на примената на Законот за безбедност и здравје при работа, чие што организирање меѓу другото, произлезе и од големиот број несреќни случаи кои се случуваат на работните места. Присутни на дебатата беа претставници од МТСП, социјални партнери, професори по трудово право, стручни лица за безбедност при работа итн. Генерален заклучок кој што произлезе од учесниците на дебатата е дека повеќето измени во Законот за безбедност и здравје кои се направени по неговото носење не се целосно применливи и тие на некој начин придонесуваат кон тоа законот да се оддалечи од една од првичните цели на неговото носење - поттикнувањето на превентивна култура.

Се организираше и работилница на тема „Потреба за законски измени или нов Закон за безбедност и здравје при работа“ на која учествуваа и повеќе инспектори и практичари од областа на БЗР.
Во оваа насока Здружението реализираше повеќе средби со свои членови на кои беше дискутирано за измени или дополнувања на Законот за БЗР, а беше креирана и посебна facebook група на која се објавуваат членови од Законот за БЗР, за кои стручната фела споделува свое мислење, предлози и препораки.
МЗЗПР подготви и промотивно видео на тема „Вклучување на сите засегнати страни во подобрување на реформите за БЗР“, кое ја потенцира потребата сите главни актери во областа заеднички да учествуваат и соработуваат во решавањето на проблемите во областа на БЗР и да влијаат на неопходните реформи. 2018

## 1.4. Ревизија на постоечките правилници во доменот на БЗР

Во изминатиот период се одвиваа и активности и поврзани со ревидирање или унапредување на содржината на некои од постоечките подзаконски акти, т.е. правилници во областа на безбедност и здравје при работа.
Во таа насока, со учество и консултации на останатите субјекти во областа, се подготвија измени и дополнувања на Правилникот за минималните барања за безбедност и здравје при работа на бремени работнички, работнички кои неодамна се породиле или дојат, објавени во „Службен весник на РМ“ бр.197/2017 од 29.12.2017 година. Со овој правилник се изврши усогласување со Директивата 2014/27/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот од 26 февруари 2014 година за измена на Директивите 92/58/ЕЕЗ, 92/85/ЕЕЗ, 94/33/ЕЗ, 98/24/ЕЗ на Советот и Директивата 2004/34/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот, со цел нивно усогласување со Регулативата (ЕЗ) бр. 1272/2008 за класификација, означување и пакување на состојки и смеси (CELEX бр. 32014L0027). 2017

Кон крајот на март 2019 година беше објавен подготвениот нов Правилник за знаци за безбедност и здравје при работа, во кој е извршено понатамошно хармонизирање и транспонирање на релевантните ЕУ директиви (усогласување со Директивата 92/58/ЕЕЗ, Директивата 2007/30/ЕЗ и Директивата 2014/27/ЕУ). Правилникот е објавен во „Службен весник на РСМ“ бр. 107/2019 од 28.5.2019 год. При изработката на правилникот консултирани беа и членовите на Националниот совет за безбедност и здравје при работа, кои дадоа свои коментари, забелешки и сугестии. 2019

Во рамки на консултативен процес со повеќе различни релевантни субјекти од областа, во периодот септември-декември 2019 година се работеше и на ревидирање на Правилникот за висината на трошоците за извршување на стручните работи за безбедност при работа, со цел да се надминат нејаснотиите и идентификуваните проблеми во имплементацијата на постоечкиот подзаконски акт и да се подобри состојбата во делот на утврдувањето на цената на услугите кои ги обезбедуваат лиценцираните правни лица за вршење на услуги во делот на безбедноста при работа. Новиот правилник објавен во „Службен весник на РСМ“ бр. 275/2019 од 27 декември 2019 година. 2019

## 1.5. Измени и дополнувања на Законот за БЗР

Процесот на ревидирање на законската рамка, т.е. Законот а безбедност и здравје при работа е отпочнат и е координиран од страна на Министерството за труд и социјална политика, при што се води сметка истиот да биде партиципативен и транспарентен. Во досегашниот период, главно во текот на 2019 година, се одржаа повеќе консултативни работни средби со претставници на сите релевантни субјекти во областа на БЗР. На овие средби сите страни ги презентираа и детално ги дискутираа различните конкретни видувања, согледани проблеми и пречки во имплементацијата на законот, како и своите идеи и предлози за потребата од подобрување и унапредување на Законот за БЗР. Големиот број на согледувања, мислења и конкретни предлози се доставени и по писмен пат до министерството.

Значаен придонес во овој процес е и изготвената анализа и оценка (со поддршка од страна на МОТ) за усогласеноста на македонската законска рамка за безбедност и здравје при работа, со меѓународните (МОТ) стандарди.

Согласно планираното, овој процес ќе резултира со подобрена и унапредена законска рамка (нов или изменет Закон за безбедност и здравје при работа), во функција на негова подобрена имплементација. 2019

**(ОРМ)** Со активно присуство на организираните состаноци на работната група (состаноци организирани од страна на Организацијата на работодавачи на Македонија) и согласно донесените заклучоци, претставниците на ОРМ (членови на Советот за БЗР) дадоа голем придонес во подготовка на предлог за измена на Законот за безбедност и здравје при работа. Од страна на сите членови на Националниот совет, номинирани од ОРМ, се доставени конкретни забелешки на постоечката законска и подзаконска регулатива, при што секој од членовите стави посебен акцент на областа и секторите кои примарно се извршуваат во нивните матични компании.

Врз основа на доставените предлози изработени од претставниците на компаниите-членки на ОРМ, до Министерството за труд и социјална политика е поднесено барање за започнување на постапка за изготвување на нов Закон за безбедност и здравја при работа, како и измена и доработка на соодветна подзаконска регулатива која би била усогласена со новиот закон (работни активности опфатени во периодот април- август 2018). Барањето за носење на нов закон за БЗР (предложен од ОРМ) е прифатено и подржано од Националниот совет за безбедност и здравје при работа.

ОРМ организираше и тркалезна маса на тема „Ефекти од примената на мерките за безбедност и здравје при работа и предлози за нов закон/измени и дополнувања на постоечкиот“. Тркалезната маса беше организирана во октомври 2018 год., при што учесници на тркалезната маса беа членови на Националниот совет за безбедност и здравје при работа, претставници на социјалните партнери, претставници на професионални здруженија од областа на БЗР и други експерти. 2018

Претставници на ОРМ активно учествуваа и на дебатата со наслов „Потреба за законски измени или нов Закон за БЗР“, која се организираше во рамки на Проектот за „Подобрување на вклученоста и влијанието на граѓанското општество во јавните политики за безбедност и здравје при работа и при донесување на одлуки, како

поддршка на државата во процесите на пристапување кон ЕУ“. Дебатата се одржа во Струга на 17-18 април 2019 година и на истата детално се разгледуваа постоечките недостатоци во актуелното законско решение. Заклучоците од оваа дебата, во форма на конкретни предлози и препораки, беа доставени до Министерството за труд и социјална политика. 2019

(МЗЗПР) Во активностите во овој дел активно се вклучи и Македонското здружение за заштита при работа, кое во рамки на своите проектни активности изработи „Предлог политики за практики и реформи од областа на безбедноста и здравјето при работа“. Документот, промовиран во јуни 2019 година, содржи анализа на моменталната состојба за примената на актуелниот Закон за БЗР и сите негови измени и дополнувања, компаративна анализа со ЕУ практики при имплементација и транспонираност на рамковната Директива 89/391, конвенциите на МОТ. Студијата ги нотира недостатоците во областа и нуди конкретни препораки за подобрување на Законот за БЗР и воспоставување на заедничка соработка за постигнување на реформи во оваа област.
На 18 и 19 април 2019 год. во Струга се одржа и дводневна дебата на тема: „Потреба за законски измени или нов закон за безбедност и здравје при работа“. 2019

### 1.6. Подготовка на Измена и дополнување на Правилникот за безбедност и здравје при употреба на опрема за работа („Сл. весник на РМ“ 116/2007) и целосно да се усогласи со Директивата на ЕУ од 2009 година (2009/104/ЕС)

Активноста не е реализирана.

### 1.7. Подготовка на Правилник за полагање на стручен испит за безбедност при работа

Добиените предлози и препораки, кои пристигнаа до Министерството за труд и социјална политика во рамки на процесот на широки консултации околу потребата за измени на постоечкото законско решение (Законот за БЗР од 2007 година), одат во насока различните аспекти од полагањето на стручниот испит за безбедност при работа (услови, критериуми, постапка, процедури) да се издвојат, т.е. „отстранат“ од Законот за БЗР и сѐ што може во овој дел, да биде регулирано со подзаконски акт (правилник). Ваквиот правилник би се изготвил по ревидирањето и усвојувањето на измените на (или новиот) Закон за БЗР.

### 1.8. Подготовка на Правилник за водење на истрага при повреда и несреќи при работа

Активноста не е реализирана. И за овој Правилник се очекува постапката да отпочне по ревидирањето на Законот за БЗР (или носењето на нов закон).

За реализацијата на оваа активност ќе се дискутира во рамки на Советот за БЗР и ако е потребно, може да се предложи и формирање и на соодветна работна група која би ги анализирала состојбите и би го подготвувала подзаконскиот акт.

## 2. **Административни капацитети и човечки ресурси** (Унапредување и развој на административните капацитети и човековите ресурси во областа на безбедност и здравје при работа)

### 2.1. Зајакнување на капацитетите на менаџерите на компаниите членки на ОРМ во делот на безбедност и здравје при работа

**(ОРМ)** Во рамките на имплементацијата на активности предвидени во Акцискиот план за имплементација на Националната стратегија за БЗР, на 31.10.2018 година, на иницијатива на **Организација на работодавачите на Македонија** (ОРМ), во соработка со Националниот совет за безбедност и здравје при работа, беше организирана тркалезна маса на тема „Ефекти од примената на мерките за безбедност и здравје при работа и предлози за нов закон/измени и дополнувања на постоечкиот". На оваа средба на која учествуваа повеќе од 30-тина учесници од релевантни субјекти од областа, беа споделени податоци и информации за досегашните искуства од примената на Законот за БЗР, како и согледувањата на клучните чинители од областа на БЗР за актуелната легислатива. При тоа беа донесени и конкретни препораки за подобрување и унапредување на легислативата во областа на БЗР, со покренување на иницијативата на ОРМ за носење на нов Закон за безбедност и здравје при работа. 2018

**(МЗЗПР)** Во овој дел, Македонското здружение за заштита при работа организираше и спроведе две обуки и тоа:

- обука за „Организациски развој", на која учесниците се стекнаа со експертиза за процесите при креирањето политики и процедури за успешен организациски развој и управување на организациите на работодавачи и стопанските комори и истите понатака се очекува да влијаат врз зајакнувањето на мрежните и комуникациските канали меѓу организациите на работодавачи, стопанските комори, другите здруженија на граѓани и владините институции.
- обука на тема „Заеднички пристап на стручното лице по БЗР и докторите по медицина на трудот во утврдување на превентивни мерки за намалување на опасностите и штетностите на работно место", обука која придонесува кон унапредување во областа на БЗР, во рамките на здруженијата/организациите на работодавачи, комори и кластери, чии претставници беа учесници на обуката. 2018

Во организација на МЗЗПР (25.9.2019, Скопје), се реализираше едукативен настан на тема „Како до здрава и безбедна работна средина?", наменет за менаџерите на човечки ресурси во компаниите. 2019

### 2.2. Зајакнување на капацитетите на Државниот инспекторат за труд

Беа реализирани поголем број на специфични обуки организирани за вработените во Државниот инспекторат за труд во текот на 2018 и 2019 година:

- работилница за раководители за лидерски и менаџмент вештини (Охрид, 12.2018 год.);

- обука/семинар за препознавање и справување со трговија со луѓе поради трудова експлоатација, организирана во рамки на акцијата на хоризонталниот инструмент „Спречување и сузбивање на трговија со луѓе“;
- обуки за методологија за вршење на инспекциски надзор и лични вештини (обуката е вршена по реони: Битола (2.2019), Штип (3.2019), Скопје (3.2019));
- обука за примена на Законот за привремени агенции за вработување (обуката ги опфати интегрираните инспектори, помладите инспектори стекнати со лиценца и нововработените инспектори);
- обука за Закон за практикантство и Закон за волонтерство (обуката ги опфати интегрираните инспектори, помладите инспектори стекнати со лиценца и нововработените инспектори);
- обука во врска со Законот за заштита од пушење (обуката ги опфати интегрираните инспектори, помладите инспектори стекнати со лиценца и нововработените инспектори);
- „Работа на висина - работи безбедно“ - обука за колективни заштитни средства и мерки за БЗР за работа на висина, на која беа присутни инспектори за БЗР од регион 1 (Скопје, 10.2019);
- Меѓународна конференција „near miss accidents - one step beyond“, присутни претставници на ДИТ (Албена, Бугарија, 5.2019);
- Петта меѓународна конференција за регионална соработка „Работата преку објективот на БЗР“, присутни претставници на Државниот инспекторат за труд (Драч, Албанија, 6.2019);
- 16-та меѓународна конференција „Безбедноста на работа - приоритет во работењето“, на која присуствуваа и претставници од ДИТ (Охрид, 10.2019).

Освен тоа, претставници од Инспекторатот (раководство и инспектори) активно присуствуваа и учествуваа на голем број на различни конференции, работилници, семинари и останати настани кои во текот на годината, беа организирани од страна на различни други субјекти во областа на БЗР.

## 2.3. Развој на административните капацитети на ДИТ

Во насока на постепено надминување на состојбите со недостатокот на инспектори, во текот на 2019 година реализирани се постапки за вработување на нови 9 инспектори во Државниот инспекторат за труд, 5 во областа на работни односи и 4 во делот на безбедност и здравје при работа. Реализирани се и 12 унапредувања на инспектори. Со тоа, инспекциските надзори од областа на работните односи ги извршуваат 70 инспектори, а во областа БЗР - 34 инспектори, распоредени во 30 подрачни единици кои ја покриваат целата територија на државата. 2019

Во периодот 2015/2017 со поддршка и средства од ЕУ (ИПА Компонента 4) извршено е значително зајакнување на техничките капацитети на ДИТ, преку набавка на 20 возила, ИТ опрема, клима-уреди, мебел. 2017

## 2.4. Формирање сектор/одделение за нормативно аналитичка дејност од област на БЗР во МТСП со три вработени

Во функција на јакнење на административните капацитети, од почетокот на 2019 година во рамките на Министерството за труд и социјална политика, во Секторот за политики од областа на трудово право и политики за вработување, прераспоредено е едно лице и е назначено да работи доминантно на прашањата од областа на безбедност и здравје при работа. Во октомври 2019 година, со поддршка од страна на Меѓународната организација на трудот, обезбедена е и соодветна обука од МОТ експерти во тренинг центарот на МОТ, на тема „Национални програми и системи за БЗР“.

Во Секторот, од октомври 2019 год. дополнително е вработен и правник, кој меѓу другото, е вклучен и во областа на безбедност и здравје при работа. 2019

## 2.5. Јакнење на социјалниот дијалог и учество на работниците во носењето решенија и одлуки од значење за БЗР во претпријатијата и установите

Во првата половина на 2019 година Асоцијацијата за правно-економски истражувања и едукација „Јуридика“ имплементираше проект финансиран од Европска Унија и поддржан од Македонското здружение за заштита при работа (МЗЗПР), насловен „Колективните договори – клуч за успешен систем на безбедност и здравје при работа“. Проектот имаше за цел да поттикне и поддржи ефективно имплементирање на одредби за безбедност и здравје при работа во колективните договори во државата и нивна активна примена во работниот процес. Во рамки на проектот се реализираа активности за јакнење на капацитетите преку организирање на стручни обуки за членовите на асоцијацијата, а се реализираше и истражување и анализа во врска со колективните договори склучени на ниво на државата, од јавниот и приватниот сектор, во насока на тоа дали и колку истите содржат одредби за БЗР, колку се тие применливи во работниот процес од страна на работниците и работодавачите, предизвици кои постојат во овој дел, како и соодветни препораки и предлози за унапредување на состојбите. Се организираа работилници и дискусии на кои учествуваа претставници и на државни институции, социјални партнери, инспектори, лица од науката, граѓанскиот сектор, адвокати, правници, студенти, итн. Во јули, се организираше завршна национална конференција во рамките на проектот, на која во присуство на претставници од релевантните чинители, беа презентирани и дискутирани добиените резултати од истражувањето и проектните активности. 2019

**(ССМ)** Со оглед на тоа што работниците, имаат еднакво важна и одговорна улога во обезбедувањето на здрави и безбедни услови за работа како и работодавачите, Сојузот на синдикатите на Македонија се залага за уредување на прецизна, конкретна и активна улога на претседателот на синдикалната организација и претставникот на вработените за безбедност и здравје во компаниите. Целосното остварување на правата од аспект на обезбедување на здрави и безбедни услови за работа зависи од унапредување на колективното договарање, пред сè во компаниите. Сепак мал е бројот на колективни договори на ниво на работодавач или колективни договори на ниво на гранка/дејност кои ги регулираат овие прашања. Имајќи го тоа во предвид, цел на ССМ

во наредниот период ќе биде да се унапреди колективното договарање во овој правец, односно прашањата за БЗР да бидат опфатени и регулирани со колективните договори. ССМ имаше активно учество во имплементацијата на проектните активности, работилниците и дискусиите, како и националната конференција, кои се реализираа во рамки на проектот „Колективните договори – клуч за успешен систем на безбедност и здравје при работа“, кој се реализираше од страна на Асоцијацијата за правно-економски истражувања и едукација „Јуридика“.

ССМ спроведе активности преку синдикатите, за изјаснување на членството за потребата од измени на Законот за БЗР, по што се изготви и првична, драфт-верзија на предлозите на Сојузот на синдикатите на Македонија за измена на законот и истите беа доставени до министерството. 2019

На 22 и 23 март 2019 год. во Охрид Синдикатот за градежништво, индустрија и проектирање на Република Македонија – СГИП, преку грантова шема на МЗЗПР за спроведување на проектот за „Зајакнување на капацитетите и внатрешното управување за спроведување на активностите за безбедност и здравје при работа и прилагодување спрема европските прописи“, реализираше семинар кој имаше за цел преку обука на членовите на органите на СГИП да се зајакнат капацитетите на самата организација како и да се анализираат актите на организацијата поврзани со БЗР, согласно европските прописи и регулативи. Воедно, со активноста се настојуваше и да се подигне и свеста на вработените за потребата од поголема грижа за здравјето при работа. На семинарот се дискутираше и за споредбена анализа на состојбите и практиките од Европската унија со домашното законодавство, со посебен акцент на добрите практики за улогата на синдикатот во спроведување на безбедноста и здравјето при работа итн.

На оваа тема, Синдикатот (СГИП) во јуни организираше и дополнителна дводневна обука за свои членови и претставници. 2019

**(МЗЗПР)** на почетокот на април 2019, во организација на МЗЗПР се организираше студиска посета во Европската агенција за безбедност и здравје при работа (EU-OSHA), во Билбао-Шпанија, чија основна цел беше стекнување на знаење и меѓусебно поврзување и поттикнување на соработка помеѓу професионалците во областа од државата, како и со претставници од земјите од Европската унија. Учесници на студиската посета беа стручни лица за безбедност при работа, претставници на вработени од поголеми компании, како и претставници од државни и образовни институции и истите имаа можност одблизу да ја запознаат мисијата на Европската агенција за БЗР и нејзиното делување во насока да ги направат европските работни места побезбедни, поздрави и попродуктивни. 2019

## 2.6. Зајакнување на капацитетите на стручните лица за безбедност при работа

**(ТУТЕЛА)** Во јуни 2018, Здружението на инженери за заштита „ТУТЕЛА“, во соработка со Институтот „Концепт“ и Фондацијата Фридрих Еберт, организираше обука за јакнење на капацитетите на стручните лица од областа на БЗР на тема „**Безбедноста**

**како личен избор", во насока на** поддршка на напорите на специјалистите во областа на безбедни услови за работа да ја поттикнат личната посветеност на вработените и менаџерите во компаниите кон имплементација на постоечките стандарди и процедури за безбедност. Обуката придонесува кон создавање на култура на безбедност, насочена пред сè кон вработените, преку создавање на лична посветеност и почитување на правилата за создавање безбедна работна средина, како и кон непосредните раководители и лидери, овозможувајќи им на менаџерите дијагностичка алатка за тоа што можат и треба да направат за да обезбедат сигурност.

Во септември, Здружението реализираше обука на тема „Препознавање на опасностите и утврдување на нивото на ризик – Практичен пристап", преку која стручните лица – учесници на обуката стекнаа нови и ги унапредија своите знаења за тоа како преку практичен пример и пристап, тимски, користејќи една од најсовремените методи, да се пронајде најсоодветното и најпрактично решение и да се утврди нивото на ризик на одредено работно место, согласно дејноста на работната организација.

Во соработка со приватниот сектор и Здружението за безбедност при работа „28-ми април", во декември 2018 год. Здружението „ТУТЕЛА" реализираше работилница за стручни лица од областа на БЗР на тема „Безбедност и здравје при работа, енергетика, екологија - Паметни мрежи, обновливи извори на енергија, сила на природата". Работилницата имаше за цел да придонесе кон подигнувањето на капацитетите на релевантните чинители во делот на БЗР во Македонија. Беа дискутирани прашања поврзани со улогата и вклученоста на стручните лица за БЗР во компаниите при имплементацијата на активности и процеси за намалување на потрошувачката на енергија, зголемување на ефикасноста и заштитата на животната средина, мерки за адаптација и/или прилагодување на машините или системите за осветлување, греење, ладење и сл. Важно е да се обезбеди тие активности и мерки да немаат негативно влијание врз работните услови, безбедноста и здравјето на вработените и другите стандарди. 2018

Во текот на 2019 година Здружението „ТУТЕЛА" во соработка со други здруженија и партнери од областа, организираше обуки на различни теми наменети пред сè за стручни лица за безбедност при работа, како што се:

- стручна обука за „Стандарди во БЗР – пристап, значење, примена, имплементација", за тоа на кој начин најбрзо, најпрактично и најсигурно да се изнајде потребниот стандард за одреден вид на лична заштитна опрема или одредена процедура (септември 2019);
- стручна обука на тема „Работи на висина – Работи безбедно!", за изборот на соодветното заштитно средство за безбедно реализирање на работните задачи на височина, избор и употреба на колективните заштитни средства и мерките за работа на висина (октомври 2019);
- обука на тема „Работи на скеле – Работи безбедно", обука која е дел од серијалот на обуки „Работи безбедно" и ѝ припаѓа на тематската област „работи на висина". Обуката ги опфаќа колективните заштитни средства и мерките за работа на скеле (ноември 2019). 2019

(МЗЗПР) Од страна на МЗЗПР во текот на 2018 година беа спроведени 14 обуки за стручно усовршување и континуирана едукација на стручните лица во кои беа опфатени различни теми од областа и вклучени околу 200 стручни лица за безбедност при работа.

Се организираа и 4 студиски посети за стручни лица:

- Амстердам, Холандија, тема на студиската посета беше „Ги поврзуваме луѓето и знаењето“, при што посетена беше независната истражувачка организација ТНО, како и фабрика за производство на порцелан во Делф и уште неколку локални фабрики;
- Сицилија, Италија, студиска посета со тема „Унапредување на правата за безбедна и здрава работна средина“;
- Париз, Франција, посета на саем „Expo protection“ за превенирање на ризици и нивно менаџирање, осветен на безбедност и здравје при работа;
- Минхен, Германија, посета во неколку компании кои имплементираат добра пракса за безбедност и здравје при работа.

Беше реализирано и учество на стручни лица на неколку национални и меѓународни конференции за БЗР, кои имаа за цел утврдување на насоките и фокусите на идните истражувања и развојот на безбедноста и здравјето и размена на теоретски и практични искуства.

Покрај тоа, се организираа и меѓу-секторски состаноци на кои присуствуваа стручни лица за безбедност при работа, како и правни субјекти кои вршат дејност од областа на БЗР и се дискутираше за проблемите кои се воочуваат во пракса во извршување на работата, како и беа дадени предлози за подобрување. 2018

Во февруари 2019 година, Стопанската комора на Македонија, во соработка со Македонското здружение за заштита при работа (МЗЗПР) организираа и реализираа еднодневна обука на тема „Основни принципи на ергономијата и нејзината улога во безбедноста и здравјето на работниците“. Целта на обуката беше учесниците да се стекнат со познавања од областа на ергономијата, спроведување на ергономските правила при креирањето на работните системи, во насока на подобрување на безбедноста и здравјето на работниците и намалување или целосно елиминирање на потенцијалните опасности, како и соодветно зајакнување на капацитетите на правните субјекти во областа на БЗР во оваа област.

На истата тема „Управување со опасни супстанци“, еднодневен семинар во организација на МЗЗПР и Стопанската комора се одржа и на 25 октомври 2019 година, во периодот на одбележување на Европската недела за безбедност и здравје при работа и европската кампања за безбедни и здрави работни места. Како предавачи на семинарот учествуваа домашни и странски експерти од областа. Семинарот придонесе кон зајакнување на капацитетите на стручните лица за БЗР преку нивно поблиско запознавање со законодавство на Европската унија во делот на управувањето со ризиците поврзани со опасни супстанци и сите опасни супстанци кои може да се појават во широк спектар на занимања: градежништво, услужни дејности, производствени индустрии, рударство, каменоломи, лаборатории, здравствени установи, медицински персонал и сл. Анализа на студија на случаи за тоа кои опасни супстанци се среќаваат во различни работни средини, извори на ризици, кои мерки се

превземаат, каква контрола за изложеност се применува, настанати несреќи при работа предизвикани од опасни супстанци итн. 2019

Во организација на Машинскиот факултет од Скопје и Македонското здружение за заштита при работа, во текот на 2018 и 2019 година организирани и реализирани се три семинари и работилници наменети за стручните лица во област на БЗР на тема: „Основни принципи во ергономијата и нејзина улога во безбедноста и здравјето на работниците“ (мај 2018, септември 2018, февруари 2019 год.). 2018/19

Со цел да се информираат корисниците за методологиите и прашањата поврзани со правилното управување со опасни материи и отпад, со што се помага во одржување на здрава и безбедна животна и работна средина, Стопанската комора на Македонија, во соработка со Македонското здружение за заштита при работа (МЗЗПР), на 21 март 2019 година реализираше еднодневен семинар на тема „Управување со опасни материи и опасен отпад, собирање и отстранување, складирање и депонирање, рециклирање, горење, критични точки и студија на случај (case study)“. На семинарот присутните се стекнаа со неопходни познавања за опасниот отпад и со соодветни компетенции за управување со истиот. 2019

(ОРМ) Организацијата на работодавачи, како директен партнер, активно учествуваше со свои претставници и членови во спроведувањето на сите активности за зајакнување на капацитетите имплементирани во рамки на ЕУ Проектот за „Подобрување на вклученоста и влијанието на граѓанското општество во јавните политики за безбедност и здравје при работа и при донесувањето одлуки како поддршка на државата во процесите на пристапување кон ЕУ", спроведуван од страна на МЗПР.
Една од активностите во овој проект беше и организирањето на студиската посета во Будимпешта, Унгарија во јуни 2019, на која учествуваа и претставници од компании – членки на ОРМ, кои се и членови на Советот за БЗР. При посетите на повеќе институции и организации во Унгарија, беа разменети искуства помеѓу двете земји за различни важни прашања поврзани со областа на безбедноста и здравјето при работа. Оценка е дека студиското патување беше од големо значење за сите учесници, имајќи во предвид дека стекнатите познавања и искуства можат да се искористат во насока на подобрување на соработката помеѓу организациите, институциите и професионалците за БЗР и за практикување на заеднички пристап кон унапредување на системите за БЗР во нашата земја. 2018/19

## 2.7. Поставување на стручните лица за БР на професионална основа

Во оваа насока, реализирана е подготовка на предлог специјалистички студиски програми за БЗР како основа за овластување за стручно лице за безбедност при работа (со учество на Машински факултет - Скопје, Машински факултет - Штип, Технички факултет – Битола). 2018

## 2.8. Јакнење на бипартитниот дијалог за БЗР во компаниите и улогата и профилот на претставниците на БЗР во Република Македонија

(МЗЗПР) Во текот на 2018 година, Македонското здружение за заштита при работа организираше и спроведе четири обуки за подигнување на капацитетите на претставниците на работници за БЗР и синдикалните организации. Целта на обуките беше преку дефинирање на основните концепти на безбедноста и здравјето при работа, да се унапреди улогата на претставниците на вработените за БЗР/синдикалните претставници во однос на зголемување на капацитетите и подобрувањето на бипартитниот дијалог во компаниите за прашања од областа на БЗР, како и запознавање со начелата на ефективните системи за лобирање и застапување и унапредување на знаењата и вештините на претставниците за БЗР. Учесниците имаа можност да се запознаваат со практичните примери, како од домашните експерти така и од страна на ЕУ експерт за функционирање на дијалогот помеѓу претставниците за БЗР и работодавачите и улогата на социјалниот дијалог во подобрувањето на работните услови и креирањето на здрава и безбедна работна средина.

Се подготви и беше промовирана студија за функционирањето на бипартниот дијалог за БЗР во компаниите и улогата и профилот на претставниците на вработените за БЗР во државата (автори: д-р Александар Гроздановски, м-р Милан Петковски, Весна Ристовска). Дистрибуирани беа 700 примероци до крајните корисници (работници, претставници на работници за БЗР, работодавачи, државни институции), а студијата е достапна и на web страна.

На оваа тема се одржа и Национална конференција за функционирањето на бипартитниот дијалог за БЗР во компаниите, на која учествуваа 80 претставници од синдикатите, работодавачите, државните институции, стручните лица по безбедност при работа, претставници од образовните институции и други. Дел од препораките кои произлегоа од конференцијата се формирање на одбори за БЗР и воспоставување на механизми кои веќе функционираат во регионот, со цел да се развие и унапреди дијалогот во земјата, постоење на консултативни тела во компаниите и субвенционирање на мерки од областа на БЗР во рамки на компаниите, како и подигнување на нивото на значењето на претставникот на вработените и воспоставување и заживување на системот за евиденција на повреди, професионални заболувања и несреќи при работа.

Се одржа и меѓу-секторска јавна дебата, која имаше за да се отвори дискусија за мислењата и ставовите на сите засегнати страни во однос на унапредувањето на безбедноста и здравјето при работа и заклучоците и препораките кои произлегоа од „Студијата за функционирање на бипартитниот дијалог за безбедност и здравје при работа во компаниите и улогата и профилот на претставниците на вработените за БЗР во Република Македонија“. На дебатата присуствуваа социјални партнери, граѓански организации, работодавачи, синдикални организации, претставници на вработените, стручни лица по безбедност при работа, образовни институции, медиуми, претставници од релевантни сектори и други засегнати чинители.

Беше подготвен и соодветен ТВ спот за промоција на бипартитниот дијалог во компаниите, кој имаше за цел да придонесе кон подигање на свеста на општата јавност,

со фокус на работодавачите и вработените, за правото на безбедни и здрави работни места, како основно човеково право. Преку оваа активност се спроведе и медиумска кампања под мотото „Безбедни и здрави работни места", која ја таргетираше пошироката јавност. 2018

## 2.9. Воспоставување меѓусекторска соработка со граѓанските организации, синдикатите, организациите на работодавачи и државните институции

Македонското здружение за заштита при работа подготви промотивно видео кое се емитуваше на национални телевизии и социјални медиуми на тема „Вклучување на сите засегнати страни во подобрување на реформите за БЗР". Видеото става акцент на тоа дека постои евидентен проблем и недостатоци во системот за БЗР на национално ниво и има огромна потреба за ревидирање или менување на постојните законски обврски и права. Затоа е потребно сите главни актери заеднички да го решат проблемот и да влијаат на реформите во постојниот Закон за БЗР.
Беа подготвени и дистрибуирани и соодветни промотивни материјали (флаери) кои ја потенцираат важноста на соработката помеѓу сите клучни засегнати страни, јавните институции, граѓанските организации, организациите на работодавачи, синдикатите, докторите по медицина на трудот, експерти за БЗР, самите работници, со цел подобрување на работните услови и културата за заштита при работа. 2018

Во 2019 година Асоцијацијата за правно-економски истражувања и едукација „Јуридика" имплементираше проект финансиран од Европска Унија и поддржан од Македонското здружение за заштита при работа (МЗЗПР), насловен „Колективните договори – клуч за успешен систем на безбедност и здравје при работа". Проектот имаше за цел да поттикне и поддржи ефективно имплементирање на одредби за безбедност и здравје при работа во колективните договори во државата и нивна активна примена во работниот процес. Во рамки на проектот се реализираа активности за јакнење на капацитетите и меѓусебната соработка, се организираа работилници и дискусии на кои учествуваа претставници и на државни институции, социјални партнери, инспектори, лица од науката, граѓанскиот сектор, адвокати, правници, студенти, итн. 2019

**(МЗЗПР)** На почетокот на април 2019, во организација на Македонското здружение за заштита при работа се организираше студиска посета во Европската агенција за безбедност и здравје при работа, во Билбао-Шпанија, чија основна цел беше стекнување на знаење и меѓусебно поврзување и поттикнување на соработка помеѓу професионалците во областа од државата, како и со претставници од земјите од Европската унија. Учесници на студиската посета беа стручни лица за безбедност при работа, претставници на вработени од поголеми компании, како и претставници од државни и образовни институции и истите имаа можност одблизу да ја запознаат мисијата на Европската агенција за безбедност и здравје при работа и нејзиното делување во насока да ги направат европските работни места побезбедни, поздрави и попродуктивни.

Во насока на јакнење на капацитетите претставници на релевантни граѓански организации и на соработката со останатите чинители во областа на БЗР, во организација на Македонското здружение за заштита при работа, како дел од проектни активности во рамки на проект финансиран од ЕУ, во јуни 2019 година се реализираше студиска посета во Будимпешта, Република Унгарија, на која учествуваа претставници на граѓански организации и членови на Советот на БЗР. Студиската посета овозможи размена на искуства во врска со стратешко, организациско планирање, имплементација на стандарди за БЗР, застапување и европски модел на соработка и вклучување на граѓанските организации во процесот на донесување одлуки во оваа област и во имплементацијата на политиките за заштита при работа, спроведување на кампањи за подигнување на свесноста (комуникациска стратегија, вештини за застапување, мрежно поврзување). Учесниците имаа можност да посетат повеќе релевантни институции како организација на работодавачи, универзитет, национален трипартитен БЗР комитет, Меѓународната организација на трудот од Будимпешта, како и посета на фабрика за споделување на добра пракса за БЗР. 2019

## 3. **Образование во системите за БЗР** (Развој на програмите за тренинг и едукација од областа на здравје и безбедност при работа)

### 3.1. Едукација на работодавачите по однос на спроведување на мерки од областа на безбедност и здравје при работа

**(ОРМ)** Организацијата на работодавачи, како директен партнер, активно учествуваше со свои претставници и членови во спроведувањето на сите активности за зајакнување на капацитетите имплементирани во рамки на ЕУ Проектот за „Подобрување на вклученоста и влијанието на граѓанското општество во јавните политики за безбедност и здравје при работа и при донесувањето одлуки како поддршка на државата во процесите на пристапување кон ЕУ", спроведуван од страна на МЗЗПР.
Една од активностите во овој проект беше и организирањето на студиската посета во Будимпешта, Унгарија во јуни 2019, на која учествуваа и претставници од компании – членки на ОРМ, кои се и членови на Советот за БЗР. При посетите на повеќе институции и организации во Унгарија, беа разменети искуства помеѓу двете земји за различни важни прашања поврзани со областа на безбедноста и здравјето при работа. Оценка е дека студиското патување беше од големо значење за сите учесници, имајќи во предвид дека стекнатите познавања и искуства можат да се искористат во насока на подобрување на соработката помеѓу организациите, институциите и професионалците за БЗР и за практикување на заеднички пристап кон унапредување на системите за БЗР во нашата земја. 2018/19

Во функција на активно учество во креирањето и имплементацијата на политиките во областа на БЗР, од страна на ОРМ во текот на март 2018 година оформена е работна група со задача креирање на прашалник за оценка на спроведувањето на законот за БЗР. Формираната работна група составена од повеќе од 10 претставници на компании - членки на ОРМ изготвениот прашалник го достави до голем број на компании за искажување на свој став во врска со оваа проблематика. Со активното присуство на организираните состаноци на работната група (состаноци организирани од страна на Организацијата на работодавачи на Македонија) и согласно донесените заклучоци, претставниците од ОРМ дадоа голем придонес во подготовка на предлог за измена на Законот за безбедност и здравје при работа. Од страна на сите членови на Националниот совет, номинирани од ОРМ, се доставени конкретни забелешки на постоечката законска и подзаконска регулатива, при што секој од членовите стави посебен акцент на областа и секторите, кој примарно се извршуваат во нивните матични компании. Врз основа на доставените предлози изработени од претставниците на компаниите членки на ОРМ, до Министерството за труд и социјална политика е поднесено барање за започнување на постапка за изготвување на нов Закон за БЗР, како и измена и доработка на соодветна подзаконска регулатива која би била усогласена со новиот закон. 2018

**(МЗЗПР)** Во организација на МЗЗПР во текот на годината спроведени се 14 обуки (тематски и по региони) за стручни лица за безбедност при работа од различни компании, како и две меѓународни конференции за регионална соработка (во Црна

Гора и во Косово) на кои меѓу останатите, присуствуваа и поголем број на стручни лица од компании од државата, од различни дејности.
Беше организирана и Национална конференција за безбедност и здравје при работа на тема: „Функционирање на бипартитниот дијалог за БЗР во компаниите“. 2018

**(МФ)** Во јуни 2018год, во организација на Машинскиот факултет од Скопје, реализирани се обуки за раководители на сектори во рудникот БУЧИМ – Радовиш, на тема поврзана со практичната имплементација на Законот за безбедност и здравје при работа. 2018

**(ИМТ)** Во текот на 2018 и 2019 година Институтот за медицина на трудот организираше и учествуваше во спроведувањето на неколку работилници и едукативни семинари за различни целни групи во областа на БЗР (стручни лица, студенти - последипломска настава на Медицински и Машински факултет - Скопје, синдикални организации - синдикат за градежништво, хемија и неметали).

Во мај 2019 год., во рамки на проектот „Колективните договори – клуч за успешен систем на БЗР“ - финансиран од ЕУ и имплементиран од граѓанскиот сектор, се одржа работилница на тема „Јакнење на капацитетите на работодавачите преку имплементирање на системот на БЗР во колективните договори“. На работилницата активно учество земаа претставници на Организацијата на работодавачи на Македонија (ОРМ), Бизнис конфедерацијата на Македонија (БКМ), професори и експерти од областа, претставници на граѓанскиот сектор, повеќе работодавачи и студенти кои дискутираа за прашања поврзани со системот на безбедност и здравје при работа низ призма на негова примена преку колективните договори. 2019

**(МЗЗПР)** Во организација на Здружението, во септември 2019 година, се реализираше едукативен настан на тема „Како до здрава и безбедна работна средина?“, наменет за менаџерите на човечки ресурси во компаниите. 2019

## 3.2. Едукација на стручните лица и претставниците за БЗР од редот на вработените и синдикалните претставници

**(МЗЗПР)** Македонското здружение за заштита при работа организираше 14 обуки (тематски и по региони) за стручни лица за безбедност при работа од различни компании и две меѓународни конференции за регионална соработка (во Црна Гора и во Косово) на кои учествуваа и поголем број на стручни лица од компании. 2018

Во јуни 2018год, во организација на Машинскиот факултет од Скопје, реализирани се обуки за раководители на сектори во рудникот БУЧИМ – Радовиш, на тема поврзана со практичната имплементација на Законот за безбедност и здравје при работа. 2018

Синдикатот за индустрија, енергетика и рударство (**СИЕР**), во состав на ССМ, во периодот од јануари до септември 2019 година спроведуваше проект под наслов „Со стратешки пристап до подобра безбедност и здравје при работа“.
Целта на проектот беше да придонесе кон изградба на систем за управување, подигање на нивото на влијанието и подобрување на капацитетите на синдикатот (СИЕР) за успешно справување со проблемите во областа на безбедноста и здравје при работа.
Во рамките на проектот беа организирани повеќе активности, помеѓу кои и семинари за обука и подигање на капацитетот на носителите на активностите, посета на сите синдикални организации и утврдување на фактичката состојба во врска со примената на законските одредби за БЗР, изготвување практичен прирачник за синдикалните претставници и претставниците на работниците по БЗР, изготвување на почетна матрица со основни податоци по синдикални организации со план за понатамошно периодично следење на состојбите и навремено реагирање при утврдени недостатоци. Во соработка со стручни лица од областа на БЗР, формулирани се и конкретни предлози за законски измени во областа, кои произлегуваат од сопствените согледувања и искуства од примената на Законот за БЗР, како и размена на искуства со синдикати од Данска кои се на сличен начин активно вклучени во безбедноста и здравјето при работа. 2019

Синдикатот за градежништво, индустрија и проектирање на Република Македонија (**СГИП**), во состав на ССМ, користеше грант наменет за зајакнување на капацитетите на СГИП во делот на безбедност и здравје при работа, како еден од исклучително важните сегменти во секторот градежништво и индустријата за градежни материјали. Активностите во рамки на проектот (грантот) се спроведуваа во периодот од јануари до август 2019 година, при што темата на активностите кои ги реализираше СГИП во тој период беше „Зајакнување на капацитетите и внатрешното управување за спроведување на активностите за безбедност и здравје при работа и прилагодување спрема европските прописи“. Проектните активности доведоа до ревидирање на актите на СГИП, како што се Правилникот за спроведување на активностите за безбедност и здравје при работа, Извештај за претставникот на вработените за БЗР, Извештај за главниот синдикален претставник, како и зајакнување на капацитетите на СГИП како организација, преку обучени кадри кои ќе делуваат на полето за безбедност и здравје при работа. Преку две работилници обучени беа 60 претставници на вработените и членови од органите и телата на СГИП како да делуваат на терен за подигнување на свеста кај останатите вработени, во делот на грижата за здравјето и безбедноста при работа. 2019

Во февруари 2019 година, Стопанската комора на Македонија, во соработка со Македонското здружение за заштита при работа (МЗЗПР) организираа и реализираа еднодневна обука на тема „Основни принципи на ергономијата и нејзината улога во безбедноста и здравјето на работниците“. Целта на обуката беше учесниците да се стекнат со познавања од областа на ергономијата, спроведување на ергономските правила при креирањето на работните системи, во насока на подобрување на безбедноста и здравјето на работниците и намалување или целосно елиминирање на потенцијалните опасности, како и соодветно зајакнување на капацитетите на правните субјекти во областа на БЗР во оваа област. 2019

Стопанската комора на Македонија, во соработка со Македонското здружение за заштита при работа (МЗЗПР), на 21 март 2019 година реализираше еднодневен семинар/обука на тема „Управување со опасни материи и опасен отпад, собирање и отстранување, складирање и депонирање, рециклирање, горење, критички точки и студија на случај (case study)“. На семинарот учесниците се стекнаа со неопходни познавања и со соодветни компетенции за управување со опасниот отпад.
На тема поврзана со „Управување со опасни супстанци“, еднодневен семинар во организација на МЗЗПР и Стопанската комора се одржа и на 25 октомври 2019 година, во периодот на одбележување на Европската недела за безбедност и здравје при работа и европската кампања за безбедни и здрави работни места. Како предавачи на семинарот учествуваа домашни и странски експерти од областа. Семинарот придонесе кон зајакнување на капацитетите на стручните лица за БЗР преку нивно поблиско запознавање со законодавство на Европската унија во делот на управувањето со ризиците поврзани со опасни супстанци и сите опасни супстанци кои може да се појават во широк спектар на занимања: градежништво, услужни дејности, производствени индустрии, рударство, каменоломи, лаборатории, здравствени установи, медицински персонал и сл. Анализа на студија на случаи за тоа кои опасни супстанци се среќаваат во различни работни средини, извори на ризици, кои мерки се превземаат, каква контрола за изложеност се применува, настанати несреќи при работа предизвикани од опасни супстанци итн. 2019

**(ТУТЕЛА)** Во соработка со Институтот за стандардизација на Република Северна Македонија, Фирмата Стенсо МАК од Скопје и со поддршка од Здружението за БЗР „28-ми април“, во септември 2019 год. во Скопје се организираше и се одржа стручна обука на тема: „Стандарди во БЗР – пристап, значење, примена, имплементација“. Целта на обуката беше на учесниците да им се пренесе информација и знаење за тоа на кој начин најбрзо, најпрактично и најсигурно да се изнајде потребниот стандард за одреден вид на лична заштитна опрема (ЛЗО) или одредена процедура, со користење на практични примери и пристап, стручни насоки на следење, користење и имплементирање на стандардите за ЛЗО. Предавачи на обуката беа домашни и странски експерти и претставници Институтот за стандардизација и фирми за лична заштитна опрема (12.9.2019).

Во октомври, Здружението „Тутела“ со поддршка од Здружението за безбедност при работа „28-ми април”, ја организираше петтата стручна обука на тема „Работи на висина – Работи безбедно!“. Одржаната обука имаше за цел, преку практични примери и пристап, стручни насоки на следење и пренесување на европски искуства од врвни експерти, да овозможи релевантни информации и знаење за изборот на соодветното заштитно средство за безбедно реализирање на работната задача на висина. Обуката беше насочена кон колективните заштитни средства и мерките за работа на висина, наменета за стручни лица за безбедност при работа, проектанти и други заинтересирани лица кои имаат потреба од трајно или привремено поставување на системи за колективна заштита при работа на висина (антенски столбови, кровни

конструкции, крански патеки, скелиња, висечки скелиња и сл.). Предавачи на обуката беа експерти од државата, како и од Франција и Хрватска.

Како дел од серијалот на стручни, наменски обуки „Работи безбедно“ кој е поделен на неколку тематски групи/области, во ноември во присуство на 40 учесници од различни чинители од областа БЗР, се одржа втората обука на тема „Работи на скеле – Работи безбедно“, на која предавач беше експерт од областа од Австрија. 2019

## 3.3. Дефинирање на критериуми за квалитет и евалуација на обуките одржани од овластените институции за континуирана едукација и усовршување на стручните лица за БР

## 3.4. Развој на програма за едукација на менаџери во мали, средни и големи компании за имплементација на мерките за безбедност пред отпочнување со бизнис и во текот на работење

## 3.5. Едукација на работници по однос на спроведување на мерки од областа на безбедност и здравје при работа

**(МЗЗПР)** Во организација на МЗЗПР во овој дел, во текот на 2018 година реализирани се неколку обуки, имплементирани се кампањи преку социјалните и традиционалните медиуми и други настани.

Во соработка со EU-OSHA реализирана е кампања „Управување со опасни супстанци“, во рамките на која се одржаа средби и промоции во компании; доставување на промотивни материјали достапни до работниците на местата каде што секојдневно ги извршуваат своите работни задачи, потенцирајќи ја важноста од безбедно управување со опасните супстанции; гостување во ТВ медиуми, објави на социјални медиуми (facebook, twitter, instagram, youtube) итн.

Спроведена е кампањата „Нема време за губење“ - комонвелт и балканска кампања на IOSH UK и сестринските организации од Балканот, во рамките на која реализирано е печатење на промотивни материјали, промоција на настани и медиуми, директни презентации од страна на претставници од IOSH UK на регионални работилници (во Македонија, Србија, Црна Гора, Косово и Албанија), координирани од МЗЗПР.

Реализирани промотивни активности поврзани со „Патоказ на управување со канцерогени супстанци – TNO“, при што комплетно се преведени факти за канцерогените супстанци на македонски јазик, достапни на: https://roadmaponcarcinogens.eu/, реализирани се средби и промоции во компании (дистрибуција на промотивни материјали), гостување во ТВ медиуми, објави на социјални медиуми. 2018

**(ИМТ)** Беа организирани специфични обуки и кампањи за подигнување на свеста за БЗР од страна на Институтот за јавно здравје, и тоа две работилници за болести поврзани со азбест и хемиски штетности (една со новинари една со студенти на последипломски студии по јавно здравство, во рамките на модулот по медицина на трудот, во декември 2018 година), посветени на изложеноста на азбестот, здравствените ризици и јавноздравственото значење. 2018

Во првата половина на 2019 година Синдикатот за индустрија, енергетика и рударство (СИЕР) и Синдикатот за градежништво, индустрија и проектирање на Република Македонија (СГИП), во состав на ССМ, имплементираа проекти кои имаа за цел, преку имплементација на различни проектни активности да придонесат кон унапредување на системите за управување со БЗР, подигање на нивото на влијанието и секако кон зајакнување на капацитетите на синдикалните организации и претставниците на работниците делот на безбедноста и здравјето при работа, како еден од исклучително важните сегменти, особено во секторите градежништво и индустријата за градежни материјали, енергетика и рударство. Во рамки на проектите беа реализирани повеќе семинари и обуки низ кои поминаа поголем број на претставници на синдикалните организации, претставници на вработените за БЗР и други. 2019

**(МЗЗПР)** Во однос на активностите поврзани со анализа и едукација од областа на безбедност и здравје при работа за работниците во одделни сектори и дејности, се подготви и се промовираше анализа за вработените во судската администрација „Ергономски анализи за детекција на потенцијални мускуло-скелетни заболувања кај вработените во судска служба и препораки за ергономско уредување на седечките работни места“ (јуни 2019 година) . 2019

## 3.6. Имплементирање на тренинг модули од областа на БЗР

Како што е прикажано во рамки на останатите мерки од овој дел, во изминатиот период организирани се голем број на различни (по својата тема, опфат и целните групи за кои се наменети) обуки, семинари, работилници, конференции, тркалезни маси и дебати посветени на прашања од областа на безбедност и здравје при работа и имплементацијата на принципите и системите за БЗР на работните места. Покрај тоа реализирани се и повеќе медиумски кампањи и други промотивни активности за подигнување на свеста кај пошироката јавност, кај работниците и работодавачите и останатите субјекти за улогата и потребата од безбедноста и здравјето при работа.
Овие настани и активности се реализирани и поддржани од различни субјекти и релевантни чинители во областа, како државни институции, социјалните партнери, граѓанскиот сектор. 2018/19

**(МЗЗПР)** Обуките кои ги реализира МЗЗПР се организираат во неколку нивоа. Секое ниво содржи модули, кои се авторско дело на авторот кој подготвува модул во име на носителот на материјалното право (МЗЗПР). МЗЗПР се здоби со одобрение за

спроведување на обуки за стручно усовршување на стручни лица за безбедност при работа на 15.09.2015 година од страна на Министерството за труд и социјална политика. Подготвени се 20 заштитени модули:

- Физички и когнитивни ергономски принципи и нивна имплементација на различни работни места, пропратени со физички компензанторни вежби;
- Подготовка за полагање на стручен испит по БР;
- Системи за управување со БЗР;
- Претставници на вработените за БЗР/синдикален претставник – 1 дел;
- Претставници на вработените за БЗР/синдикален претставник – 2 дел;
- Обврска на работодавачите за вработените и ангажираните работници од областа на БЗР во земјоделскиот сектор и индустријата;
- Пристап за намалување на ризици од хемиски супстанци;
- Имплементирање на БЗР во фаза на проектирање на работната средина;
- Анализа на ниво на бучава и вибрации во работна средина;
- Здравјето на работниците како составен дел од законот за БЗР;
- Законски одредби од законот за БЗР и правилник за ЛЗО која вработените ја употребуваат при работа;
- БЗР – Тематска работилница за членови на национален економски социјален совет;
- Микроклима на работното место и работа на отворено во услови на високи температури;
- Испитување на работната опрема согласно Закон за БЗР;
- Формирање на клубови на БЗР ниво на Р. Македонија;
- Промотивно видео „Безбедни и здрави работни места“;
- Годишна програма за спроведување на обуки од областа на БЗР за 2017 година;
- Годишна програма за спроведување на обуки од областа на БЗР за 2018 година;
- Проценка на ризици и управување со ризик;
- Концепт за меѓународна конференција за регионална соработка;
- Управување со опасни материи и опасен отпад, собирање и отстранување, складирање и депонирање, рециклирање, горење, критички точки и „case study“. 2018

## 3.7. Програми за тренинг и едукација од областа на здравје и безбедност при работа за доктори специјалисти по МТ

(МЗЗПР) Реализирани обуки во 2018 година од страна на МЗЗПР:

- Важноста на комуникациските вештини кај здравствените работници од областа на трудот;
- Актуелни теми во медицината на трудот. 2018

## 3.8. Развој на Програма за едукација и обука за БЗР

Во рамки на активностите поврзани со организирање и спроведување на едукативни настани од областа на БЗР со студентската младина, во рамки и на одбележувањето на европската недела за БЗР и европската кампања за здрави работни места, во октомври 2018 год. беа организирани и реализирани предавање за студентите од студиската

програма „Управување со системи за БЗР“ на МФ, со учество на гостин-предавач од Факултетот за технички науки во Нови Сад, како и работилница на тема „Управување со опасни супстанци“, за студентите од IV година на Машинскиот факултет во Скопје (во организација на МФ и МЗЗПР). 2018

**(ИМТ/МЗМТ)** Развој на тренинг модул на тема „Менаџмент на стресот поврзан со работата“ од страна на Институтот за медицина на трудот, со поддршка од Македонското здружение за медицина на трудот, во текот на 2018 година, наменет за специјалистите по медицина на трудот со цел навремено препознавање, превенција и менаџирање на стресот поврзан со работата.
Во 2018 година развиен е и тренинг модул на тема „Превенција на мускуло-скелетни болести во врска со работата“ (ИМТ со поддршка од МЗМТ), наменет за специјалистите по медицина на трудот, со цел навремено препознавање, превенција и менаџирање на мускуло-скелетните болести во врска со работата. 2018

**(ИМТ/МЗМТ)** Организирани се стручни состаноци, во рамките на континуираната медицинска едукација (КМЕ) за доктори специјалисти по медицина на трудот (во организација на ИМТ и МЗМТ) и тоа две работилници со специјалистите и специјализантите по медицина на трудот во текот на 2018 и 2019 година, посветени на проблемот со препознавање, превенција и менаџирање на мускуло-скелетните болести во врска со работата. 2018/19

Како дел од активностите за одбележување на Светскиот ден за БЗР на почетокот на мај 2019 година во Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, се одржа пригоден настан на кој тројца од членовите на Советот за БЗР одржаа свои презентации за актуелни теми и прашања поврзани со безбедноста и здравјето при работа, пред професорите и студентите од Универзитетот – Факултет за технички науки, од студиската програма „Инженерство за заштита на работна и животна средина“. 2019

**(МФ)** Во ноември 2019 год. Машинскиот факултет од Скопје организираше соодветно предавање за студентите од студиската програма „Управување со системи за БЗР, Индустриско инженерство и менаџмент и Индустриски дизајн“, со учество на гостин предавач од Медицинскиот факултет во Скопје. 2019

**(МЗЗПР)** Во периодот 1 - 5 април 2019, во организација на Македонското здружение за заштита при работа се организираше студиска посета во Европската агенција за безбедност и здравје при работа (EU-OSHA), во Билбао-Шпанија, чија основна цел беше стекнување на знаење и меѓусебно поврзување и поттикнување на соработка помеѓу професионалците во областа од државата, како и со претставници од земјите од Европската унија. Учесници на студиската посета беа стручни лица за безбедност при работа, претставници на вработени од поголеми компании, како и претставници од државни и образовни институции и истите имаа можност одблизу да ја запознаат мисијата на Европската агенција за безбедност и здравје при работа и нејзиното делување во насока да ги направат европските работни места побезбедни, поздрави и попродуктивни. 2019

## 3.9. Развој на Програма за едукација и обука за БЗР во основните и средни училишта

**(МФ)** Во април 2018 год., Машинскиот факултет од Скопје и МЗЗПР реализираа дебата со учениците од средни технички училишта на тема „БЗР во училиштата“. 2018

Машинскиот факултет од Скопје реализираше истражување на тема „Безбедност при работа при изведба на практичната настава во средните технички училишта“. 2017/18

**(ТУТЕЛА)** Во рамки на активностите за одбележување на Европската недела за БЗР и Европската кампања за здрави и безбедни работни места (кон крајот на октомври 2018 година) Здружението на инженери за заштита „ТУТЕЛА“ од Скопје, како медиумски партнер на Европската агенција за БЗР (EU-OSHA) организираше и десет дневна посета и престој на „НАПО“ – заштитниот лик и амбасадор на Европската агенција и европската кампања за промовирање на безбедноста и здравјето на работното место, под мотото „НАПО во Македонија“. Во функција на промовирање на културата за БЗР помеѓу учениците од основното средното образование, во рамките на овие активности, меѓу другото, се реализираа и неколку посети на карактерот „НАПО“ во неколку основни и средни училишта во Македонија (СЕТУГС „Михајло Пупин“ – Скопје, СУГС „Владо Тасевски“ – Скопје, ООУ „Гоце Делчев“, ООУ „Ванчо Прќе“ – Штип, СОУ „Јане Сандански“ – Штип, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, ООУ „Елпида Караманди“ – Битола, СОТУ „Ѓорѓи Наумов“ – Битола). Основната цел на овие посети и настани беше учениците и нивните професори од овие училишта поблиску и на интересен начин, да се запознаат и да научат повеќе за потребата и вредностите на безбедноста и здравјето при работа. 2018

**(МЗЗПР)** Македонското здружение за заштита при работа во соработка со МОТ, реализираше кампања „Безбедни и здрави генерации“, во рамките на која се реализирани едукативни посети во средни училишта и во училишта за странски јазици каде што младите беа запознавани со основите на БЗР, се организираа посети на ученици и професори од средни училишта во компании и институции кои имплементираат добра пракса на БЗР, организирана трибина со младите од Македонија кои говореа колку се запознаени со БЗР, се вршеше и анимирање за учество на натпревар за млади на Светскиот конгрес за БЗР. 2018

**(ТУТЕЛА)** Во функција на подигнување на свеста кај учениците и поголемо промовирање и популаризирање на теми од областа на безбедноста и здравјето при работа, во текот на 2019 година во организација на Здружението на инженери за заштита Тутела – Скопје, Здружението за заштита при работа на Општина Битола и Здружението за безбедност при работа „28-ми Април“ од Скопје, со поддршка на претставници од други партнерски организации и од Бирото за развој на образованието, организираа јавен конкурс под наслов „БЗР од мали нозе“ за избор на најдобри литературни творби изработени од ученици од основни училишта (од прво до деветто одделение) на тема поврзана со безбедноста и здравјето при работа. Во

зависност од видот на литературната творба, секој ученик во основно образование може да учествува и да освои прво, второ или трето место, во следните категории:

- Категорија 1: Песна на тема безбедност и здравје при работа (ученици од прво до петто одделение);
- Категорија 2: Расказ на тема безбедност и здравје при работа (ученици од прво до петто одделение);
- Категорија 3: Песна на тема безбедност и здравје при работа (ученици од шесто до деветто одделение);
- Категорија 4: Расказ на тема безбедност и здравје при работа (ученици од шесто до деветто одделение).

Наградите на учениците и признанијата за училиштата беа доделени и врачени на настанот кој заеднички под мотото „БЗР од мали нозе – Иднината е во младите“, го организираа трите здруженија во чест на одбележувањето на 28 април - Светскиот ден за БЗР (во Скопје, на 24.4.2019 година, во присуство на повеќе од 100 учесници – ученици и претставници од различни чинители од областа на БЗР). 2019

## 4. **Совет за безбедност и здравје при работа** (Зајакнување на улогата на Советот за БЗР)

### 4.1. Зголемување на улогата и влијанието на НСБЗР во подобрување на состојбите од областа на БЗР

Во изминатиот период Советот за безбедност и здравје при работа е активен и редовно одржува седници, на кои со учество на претставници на сите релевантни субјекти кои дејствуваат во областа на БЗР, редовно се разгледуваат и дискутираат актуелни теми и прашања од областа, се утврдуваат заеднички и координирани активности, се даваат иницијативи, предлози и препораки.

Во текот на 2018 година, Националниот совет за безбедност и здравје при работа продолжи да работи во континуитет, согласно Законот за БЗР и Деловникот за работа на Советот со кои се дефинирани неговите обврски и задачи. Во текот на годината Советот одржа 4 седници, во март, април и две во октомври.

На седницата одржана на 2.3.2018 год., Советот ги разгледа и ги усвои доставените информации за приоритетните активности кои е планирано да се реализираат во текот на 2018 година, а произлегуваат од Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за БЗР 2020 и за кои се задолжени одделни институции, организации и асоцијации, претставени во Советот. На седницата членовите на Советот исто така, беа информирани и за планираните активности кои во текот на годината ќе се реализираат со поддршка од страна на МОТ (Меѓународната организација на трудот) за оценка на усогласеноста и имплементација на законската рамка за БЗР, а договорени беа и активности за одбележување на Светскиот ден на безбедност и здравје при работа.

Националниот совет за безбедност и здравје при работа, на посебна свечена седница одржана на 27.04.2018 год. го одбележа Светскиот ден за безбедност и здравје при работа - 28 април, под мотото „Безбедна и здрава генерација“, посветен на здравјето и безбедноста на младите работници и укинувањето на детскиот труд. Под покровителство на МТСП и Националниот совет, на настанот беа доделени и традиционалните годишни награди (плакети) на компании со добра пракса во областа на безбедност и здравје при работа за 2017 година, во три категории (мали, средни и големи претпријатија).

Во рамки на активностите поврзани со приоритетите од Акцискиот план за БЗР 2020 за евалуација на спроведувањето на Законот за БЗР за периодот 2007-2017 и анализа на усогласеноста на законската рамка во оваа област, на 24.10.2018 год. се одржа заеднички состанок на Националниот совет за БЗР со претставници на Министерството за труд и социјална политика, Државниот инспекторат за труд, Меѓународната организација на трудот и други субјекти, на кој беа дискутирани наодите и заклучоците од спроведената „Споредбена анализа на законодавната рамка за БЗР во однос на Конвенцијата на МОТ бр.187 за Промотивната рамка за безбедност и здравје при работа“.

На 31.10.2018 год., на иницијатива на Организацијата на работодавачите на Македонија, во соработка со Советот за БЗР, беше организирана тркалезна маса на тема „Ефекти од примената на мерките за безбедност и здравје при работа и предлози за нов

закон/измени и дополнувања на постоечкиот". На овој состанок беа споделени податоци од досегашните искуства од примената на Законот за БЗР, како и согледувањата на клучните чинители од областа (социјални партнери, професионални здруженија и др.) за актуелната легислатива, при што беа донесени конкретни препораки за подобрување и унапредување на легислативата, со покренување на иницијативата на ОРМ за носење на нов Закон за БЗР. 2018

Во текот на 2019 година, Советот за БЗР одржа четири седници (во февруари, април, октомври и декември). На седницата одржана на 8.2.2019 год., претставниците дискутираа за извештајот за работата на Советот во текот на претходната, 2018 година, како и за реализацијата на приоритетите и активностите планирани согласно Стратегијата и Акцискиот план за БЗР. Се дискутираше и за претстојното одбележување на Светскиот ден за БЗР - 28 април, како и за предлози за воведување на нова методологија и алатка за оценка на успешноста на имплементацијата на системите за БЗР во компаниите, во рамки на постапката за доделување на националните награди за компании со најдобра пракса за БЗР.
Во организација на Советот за БЗР и МТСП беше организиран пригоден настан за одбележување на 28 април - Светскиот ден за БЗР, на кој присуствуваа голем број на претставници од различните институции, организации и субјекти од областа. Под мотото „Заедно за безбедна и здрава работа во иднина", присутните се осврнаа на значењето, улогата и неопходното унапредување на безбедноста и здравјето при работа и неговото неизбежно прилагодување кон крупните промени кои се случуваат и ќе се случуваат во иднина во однос на работата, имајќи ги во предвид технолошките, демографските промени, одржливиот развој, климатските промени, промените во делот на организацијата на работата итн. На овој настан се реализираа и повеќе активности за промоција и подигнување на свеста за важноста и улогата на безбедноста и здравјето при работа.
На седницата која се одржа на 7.10.2019 год., членовите на Советот, помеѓу другите теми и прашања, имаа можност да дискутираат и за подготовката на измените на подзаконскиот акт со кој се регулира висината на трошоците за извршување на стручните работи за безбедност при работа од страна на овластените правни субјекти. Се дискутираше и за начинот на одбележување на Европската недела за БЗР, со настан кој ќе биде посветен на „Управувањето со опасни супстанции на работното место". НА оваа седница, беше избран и нов Претседател на Советот.
Последната седница во годината, Советот ја одржа на 24.12.2029 год., осврнувајќи се реализираните активности, на ревидирање на Деловникот за работа на Советот, избор на негов потпретседател и секретар, како и на други актуелни теми и прашања, како на пример давањето на препораки за воведување на електронска пријава за случени несреќи/повреди при работа, која ќе може да се внесува (пополнува) директно на web-страната на Државниот инспекторат за труд, а потоа со тоа ќе се овозможи и да се генерираат различни извештаи, прегледи и сл. 2019

(МЗЗПР) Во насока на јакнење на капацитетите на членовите на Советот за БЗР, во организација на Македонското здружение за заштита при работа и како дел од проектни активности во рамки на проект финансиран од ЕУ, во јуни 2019 година се реализираше Студиска посета на Република Унгарија, на која учествуваа претставници

на граѓански организации и членови на Советот на БЗР. Студиската посета овозможи размена на искуства во врска со стратешко, организациско планирање, имплементација на стандарди за БЗР, застапување и европски модел на соработка и вклучување на граѓанските организации во процесот на донесување одлуки во оваа област и во имплементацијата на политиките за заштита при работа, спроведување на кампањи за подигнување на свесноста (комуникациска стратегија, вештини за застапување, мрежно поврзување). Учесниците имаа можност да посетат повеќе релевантни институции како организација на работодавачи, универзитет, национален трипартитен БЗР комитет, Меѓународната организација на трудот од Будимпешта, како и посета на фабрика за споделување на добра пракса за БЗР. 2019

## 5. **Здравствена заштита на работниците** (Развој на системот, службите и услугите од медицината на трудот во рамките на националниот здравствен систем)

### 5.1. Кампања „Стручен тим – стручен одговор”

### 5.2. Анализа на спроведувањето на законската одредба за следење на здравствената состојба на вработените

**(ОРМ)** Извршната канцеларија на Организацијата на работодавачи на Македонија активно учествуваше и во спроведувањето на анкетното истражување (февруари/март 2019) за примената на одредбите од Законот за безбедност и здравје при работа, со посебен осврт на оценка на работата и улогата на докторот специјалист по медицина на трудот. Анкетното истражување беше спроведено од страна на Здружението на доктори по медицина на трудот. 2019

Во текот на март/април 2019 година од страна на Институтот за медицина на трудот, во соработка со Организацијата на работодавачи на Македонија и Македонското здружение за медицина на трудот, извршена е анализа на добиените податоци од спроведената анкета помеѓу работодавачите и докторите од овластените здравствени установи за медицина на труд, при што се добиени значајни податоци, а врз основа на нив изработени и усвоени се препораки и мерки за подобрување на следењето на здравствената состојба на вработените во различни сектори. 2019

### 5.3. Развој и зајакнување на Службите за медицина на трудот (СМТ) во рамките на националниот здравствен систем

**(ОРМ)** Извршната канцеларија на Организацијата на работодавачи на Македонија активно учествуваше и во спроведувањето на анкетното истражување (февруари/март 2019) за примената на одредбите од Законот за безбедност и здравје при работа, со посебен осврт на оценка на работата и улогата на докторот специјалист по медицина на трудот. Анкетното истражување беше спроведено од страна на Здружението на доктори по медицина на трудот. 2019

**(ИМТ и МЗМТ)** Подготвен извештај за актуелната ситуација на здравствена заштита на работниците, со посебен осврт на системот и услугите во медицината на трудот и Мрежата за медицината на трудот. Врз основа на тоа, изработени се стандарди и нормативи (за кадар, време, простор и опрема) во дејноста медицина на трудот на сите три нивоа на здравствена заштита и истите се доставени на разгледување и усвојување од страна на Министерството за здравство на РСМ.

Изработен е и предлог на Националниот акциски план за зголемување на покриеноста и подобрување на квалитетот на услугите на службите за медицина на трудот, со посебен фокус на недоволно покриените ранливи групи (невработени, земјоделци).

Предлогот е презентиран пред Управниот одбор на Македонското здружение на медицината на трудот, како и на пригодниот настан кој се организираше по повод Светскиот ден на здравјето – 7 април. 2019

## 5.4. Анализа на спроведувањето на законската одредба за оценка на работна способност

Започнување со работа на комисиите за задолжителен контролен преглед на корисниците на времени инвалидски пензии, од јануари 2019 година, со Решение на Министерот за труд и социјална политика за назначување на Институтот за медицина на трудот како установа каде истите ќе се изведуваат. (бр. на Решение 09-12443/1 од 25.12.2018 год.) . 2019

## 6. Истражување и развој (Одредување на приоритети за истражување и развој – нови и зголемени ризици)

### 6.1. Иследување на зачестеноста на професионалните алергиски болести кај експонираните групи работници од одделни дејности

**(ИМТ)** Во рамки на планираните активности во делот за изработка и усвојување на препораки и мерки за превенција на професионалните алергиски болести кај експонираните групи работници од одделни дејности, ИМТ учествуваше во изработката на поглавјето „Професионални алергиски болести" во Учебникот Алергологија на Медицинскиот факултет, промовиран во јануари 2018 година. 2018

Од страна на ИМТ во текот на 2018 и 2019 година, развиена е методологија за утврдување на зачестеноста на професионалните алергиски болести кај експонираните групи работници од одделни дејности со висок ризик, наменета за специјалистите по медицина на трудот, за примена во понатамошните насочени истражувања на оваа проблематика, но и во рутинската пракса во рамките на редовните превентивни здравствени прегледи на вработените.

Во делот на спроведување на епидемиолошки и клинички истражувања за утврдување на зачестеноста на професионалните алергиски болести кај експонираните групи работници од одделни дејности, спроведени се истражувања кај земјоделски работници - со фокус на астмата поврзана со работата, потоа кај хигиеничари, здравствени работници и сл. Овие истражувања се спроведени во текот на 2018 и 2019 година, во рамките на редовните активности на ИМТ и опфатени со превентивните здравствени прегледи кај овие групи работници или насочени истражувања во областа. 2018/19

### 6.2. Иследување на зачестеноста на професионалните болести и болестите во врска со работата кај случаен примерок работници на работни места со зголемен ризик

**(ИМТ)** Во текот на 2018 година од страна на ИМТ, развиена е методологија за утврдување на зачестеноста на професионалните болести и болестите во врска со работата кај случаен примерок работници од работни места со висок или умерен ризик. Методологијата е наменета за специјалистите по медицина на трудот, со цел да се спроведат истражувања за одредување на зачестеноста на професионалните болести во различни дејности. 2018

### 6.3. Иследување на зачестеноста на мускулоскелетните болести (МСБ) во врска со работата

**(ИМТ)** Развиена е методологија за утврдување на зачестеноста на МСБ (мускулоскелетните болести) во врска со работата, од страна на ИМТ со стручно-методолошка поддршка на МЗМТ, а наменета за специјалистите по медицина на трудот, со цел да се

спроведат истражувања за одредување на зачестеноста на МСБ во врска со работата во различни дејности.

Во текот на 2018 година е спроведено и епидемиолошко и клиничко истражување за утврдување на зачестеноста на МСБ во врска со работата (истражување кај професионални возачи и здравствени работници), од страна на Институтот за медицина на трудот, а во рамките на превентивните здравствени прегледи кај овие работници. 2018

(ИМТ/МЗМТ) Во 2018 година развиен е и тренинг модул на тема „Превенција на мускуло-скелетни болести во врска со работата“ (ИМТ со поддршка од МЗМТ), наменет за специјалистите по медицина на трудот, со цел навремено препознавање, превенција и менаџирање на мускуло-скелетните болести во врска со работата.
Во рамките на континуираната медицинска едукација за доктори специјалисти по медицина на трудот, во организација на ИМТ и МЗМТ реализирани се две работилници со специјалистите и специјализантите по медицина на трудот, во текот на 2018 и 2019 година, посветени на проблемот со препознавање, превенција и менаџирање на мускуло-скелетните болести во врска со работата. 2018/19

(МЗЗПР) Во однос на активностите поврзани со анализа и едукација од обласа на безбедност и здравје при работа за работниците во одделни сектори и дејности, се подготви и се промовираше анализа за вработените во судската администрација „Ергономски анализи за детекција на потенцијални мускуло-скелетни заболувања кај вработените во судска служба и препораки за ергономско уредување на седечките работни места“ (јуни 2019 година). 2019

## 6.4. Иследување на зачестеноста на алергиските реакции на инсекти и влекачи кај работници кои што работат на отворено

(ИМТ) На иницијатива на ОРМ (од страна на претставник на компанијата ЕВН) развиена е методологија за утврдување на зачестеноста на алергиските реакции на инсекти и влекачи кај работници кои што работат на отворено и истата е подготвена за спроведување на теренско истражување во овој сектор, т.е. кај кај работниците - електромонтери, чии работни задачи се на отворено. Спроведувањето на теренкото истражување е одложено поради COVID-19 пандемијата и ќе се спроведе во текот на 2020/2021 година.

## 6.5. Иследување на ефектите на алкохолот, наркотиците и медицинската терапија врз безбедноста на работниците

(ИМТ) Развиена е методологија за иследување на ефектите на алкохолот, наркотиците и медицинската терапија врз безбедноста на работниците.
Спроведено е истражување (пилот студија) кај 130 работници од тутунската индустрија за иследување на ефектите на алкохолот, наркотиците и медицинската терапија врз безбедноста на работниците со добиени и обработени резултати, врз основа на што се

изработени и усвоени препораки и мерки за превенција на ефектите на алкохолот, наркотиците и медицинската терапија врз безбедноста на работниците.

Извршена е и дисеминација на добиените резултати помеѓу клучните партнери од областа, а резултатите од истражувањето се презентирани и на седница на Националниот совет за безбедност и здравје при работа. 2019

## 6.6. Иследување на насилството на работа, како посебна форма на психосоцијална штетност кај здравствените работници

**(ИМТ)** Спроведено е истражување за идентификација на проблемот на насилството на работа во здравствениот сектор. Истражувањето е спроведено кај повеќе од 200 здравствени работници од различни дејности.

Добиените резултати се дисеминирани помеѓу клучните партнери од областа на БЗР, со презентација и на ESCON 2018 меѓународната конференција ($6^{th}$ Regional European Safe Community Conference) одржана во октомври 2018 година во Скопје.

Изработени и усвоени се препораки и мерки (информациски пакети, едукативен материјал и кампања) за зголемување на нивото на свесност на клучните партнери во заедницата за проблемот на насилството на работното место. 2018

## 6.7. Истражување на стресот поврзан со работата и мобингот кај различни групи работници

**(МЗЗПР)** Во овој дел, МЗЗПР ги реализираше следните активности:

- обука/семинар за влијанието на стресот на работниците. Целта на овој семинар беше дефинирање на психолошките аспекти кои влијаат на работното место, навременото идентификување на мобинг и стрес на работното место и преземање активности за намалување на штетните здравствени ефекти кои се ефектуираат кај вработените и кои влијаат на намалување на нивната продуктивност.
- подготвени се и статии поврзани со оваа тема, каде беа вклучени доктори по медицина на труд. 2018

**(ИМТ)** Развиен е тренинг модул на тема „Менаџмент на стресот поврзан со работата" од страна на ИМТ со поддршка од МЗМТ во текот на 2018 година, наменет за специјалистите по медицина на трудот со цел навремено препознавање, превенција и менаџирање на стресот поврзан со работата. 2018

Од страна на Институтот за медицина на трудот, во текот на 2018 и 2019 година спроведено е и истражување за иследување на стресот поврзан со работата кај различни групи работници (здравствени работници, наставници и др.) . 2018/19

## 6.8. Иследување на ефектите од УВ зрачењето врз здравјето на експонираните работници

**(МЗЗПР)** Во овој дел Здружението ги реализираше следните активности:

- обука на тема „Микроклима на работното место и работа на отворено во услови на високи температури";
- изготвени се промотивни материјали (брошури, табли) за заштита од УВ зрачењето и доставени во неколку компании;
- Подготовка на статии и прилози на ТВ во врска со начините како работниците да се заштитат во услови на високи температури;
- Подготовка и промоција на истражувачка сторија за влијанието на климатските промени врз изложеноста на работниците на високи температури, насловена „Работници - жртви на климата- Портокалова печалба". 2018

**(ИМТ)** Развиена е методологија за иследување на ефектите од УВ зрачењето врз здравјето на експонираните работници.
Спроведена е клиничко-епидемиолошка студија за следење на ефектите на сончевата УВ радијација врз здравјето на експонираните работниците (работници кои работат на отворено и се изложени на сончева светлина).
Согласно тоа, изработени и усвоени се и соодветни препораки и мерки за превенција на ефектите од УВ зрачењето врз здравјето на експонираните работници (објавено во „Лекарски весник", официјално списание на Македонското лекарско друштво, во јули 2019 година).
Извршена е и дополнителна дисеминација на добиените резултати помеѓу клучните партнери од областа, пред сè здравствените работници (матични доктори, специјалисти по семејна медицина, дерматовенеролози, специјалисти по медицина на трудот и др.) . 2019

## 6.9. Иследување на ефектите на студените бранови врз здравјето на експонираните работници

**(ИМТ)** Во 2018 година развиена е методологија за иследување на ефектите на студените бранови врз здравјето на експонираните работници, по што е спроведена и клиничко-епидемиолошка студија за следење на ефектите на студените бранови врз здравјето на експонираните работници, со истражување кај 50-тина градежни работници ангажирани на изградба на мостови на автопат. 2018

## 6.10. Иследување на ефектите на загадениот воздух, согласно актуелниот мониторинг на гасови и суспендирани честички во воздухот во зимскиот период, врз здравјето на експонираните работници (вработени кои работат на отворен простор)

**(ИМТ)** По повод 15 годишниот јубилеј на Институтот за медицина на трудот, во јуни 2018 година беше организиран дводневен настан кој беше посветен на актуелностите во областа на медицината на трудот, со посебен осврт на „Климатските промени,

екстремните температури и здравјето на работниците“ со учество на претставници на 9 земји од WHO Southeast European Network on Worker's Health (Мрежа на ЈИЕ за здравје на работниците) . 2018

**(МЗЗПР)** Од страна на Македонското здружение за заштита при работа изготвен е документ за јавни политики за работа во услови на отворено. Документот е изготвен во рамки на проект: „Здрава животна средина за здрави работници“. 2018

**(ИМТ)** Развиена е методологија за иследување на ефектите на загадениот воздух во зимскиот период врз здравјето на експонираните работници, по што е спроведена и соодветна клиничко-епидемиолошка студија за следење на ефектите на загадениот воздух во зимскиот период врз здравјето на експонираните работници.
Согласно резултатите, изработени и усвоени се и препораки и мерки за превенција на ефектите од загадениот воздух во зимскиот период врз здравјето на експонираните работници.
Добиените резултати се дисеминирани помеѓу клучните партнери од областа (реализирано е и учество на предавач од Институтот за медицина на трудот на експертската работилница на Здравствената мрежа на Југоисточна Европа (Expert's workshop - SEE Health Network) во ноември 2019 година. 2019

## 6.11. Иследување на ефектите на азбест во работната и животната средина

**(МЗЗПР)** МЗЗПР во овој дел реализираше активности поврзани со споделување информации преку интервјуа, статии, гостување во емисии, каде се говори за важноста на заштитата при користење на азбестот. 2018

**(ИМТ)** Развиена е методологија за скрининг на болести предизвикани од азбест (БПА) во услови на актуелна и претходна професионална изложеност, по што, во првата половина од 2018 година е спроведено и пилот истражување за болести предизвикани од азбест со примена на скрининг методологијата (кај 110 вработени во поранешен погон за производство на азбестен цемент, со следење на ефектите од претходна експозиција на азбест).
Изработени и усвоени се препораки и мерки за превенција на ефектите од изложеноста на азбест. Извршена е дисеминација на добиените резултати помеѓу клучните партнери од областа преку доставување на Извештај за реализираните активности до Министерството за здравство, во рамките превентивните активност на ИМТ и Националната годишна програма за јавно здравје за 2018 и 2019 година..
Спроведена е и кампања од страна на ИМТ за јакнење на свеста и капацитетите за справување со проблемот на азбест на национално, локално ниво и ниво на претпријатие, во рамките на Националната програма за елиминација на болести предизвикани од азбест. 2018/19

**(ИМТ)** Во декември 2018 година Институтот за јавно здравје организираше и две работилници за болести поврзани со азбест и хемиски штетности (една со новинари една со студенти на последипломски студии по јавно здравство, во рамките на модулот

по медицина на трудот), посветени на изложеноста на азбестот, здравствените ризици и јавно-здравственото значење. 2018

## 6.12. Следење на здравствената состојба и работната способност кај пожарникарите

**(ИМТ)** Развиена е методологија за иследување на ефектите од професионалната експозиција врз здравјето на пожарникарите, по што е спроведена клиничко-епидемиолошка студија за следење на здравствената состојба и оценка на работната способност (ОРС) кај пожарникарите во општина Кочани и Виница. Истражувањето е спроведено врз 40 испитаници – пожарникари, во периодот јуни 2018-април 2019 год.

Согласно добиените резултати изработени и усвоени се препораки и мерки за превенција на здравјето и работната способност кај пожарникарите со фокус на респираторното здравје, а извршена е и нивна дисеминација помеѓу специјалистите по медицина на трудот за користење во секојдневната пракса и превентивните здравствени прегледи кај овие работници. 2018/19

# 7. Култура на превенција и промоција на здравјето на работниците (Превенција и промоција на здравјето на работниците)

## 7.1. Промоција на примери на добра пракса во подобрувањето на БЗР

Во оваа насока редовно, секоја година, во координација на Националниот совет за БЗР и со покровителство на Министерството за труд и социјална политика, се организира „Избор за доделување на Национална награда на компанија со најдобра пракса на безбедност и здравје при работа". Изборот се спроведува во три категории - мали, средни и големи компании, со учество на стрчна комисија кој ги посетува и на лице место врши оценка на компаниите кои се пријавиле на повикот. На најуспешните претпријатија во овој избор во трите категории име се доделува соодветно признание, т.е. плакета за компанија со најдобра пракса на БЗР за претходната година. Прогласувањето на победниците и доделувањето на плакетите, вообичаено се врши за време на пригодниот настан кој се организира за одбележување на Светскиот ден за безбедност и здравје при работа - 28 април. 2018/19

**(ИМТ)** Организирани се интердисциплинарни состаноци за промоција на примери на добра пракса во подобрувањето на БЗР, на пример работници кои се експонирани на хемиски штетности, во услови на промени во технологиите на работа или при појава на нови производи и хемикалии на пазарот, како и креирање на здрави работни места и управување со опасни супстанции на работното место. Организирана е работилница со специјалистите по медицина на трудот и другите партнери во областа, во Институтот за медицина на трудот, во ноември 2018 година. 2018

**(МЗЗПР)** Во делот на промовирање на култура и добра пракса за безбедност и здравје при работа, со свои активности, како организирање на едукативни настани (обуки, конференции и сл.), промотивни активности на социјални и телевизиски медиуми итн., учествуваше и Македонското здружение за заштита при работа. 2018

**(ТУТЕЛА)** Во текот на годината, Здружението на инженери за заштита „Тутела" од Скопје го промовираше новото стручно списание за безбедност и здравје при работа „Тутела", како прво стручно списание во државата наменето пред сѐ за заштитарите, стручните лица, професионалците од областите безбедност при работа и противпожарна заштита. Првиот број на Списанието излезе на 27. 04. 2018 година, во тираж од 200 примероци и истото излегува два пати годишно. 2018

Здружението „ТУТЕЛА" заедно со Здружението за заштита при работа на Општина Битола и Здружението за безбедност при работа „28 Април" – Скопје, организираа и спроведоа конкурс за доделување на годишни награди за добри практики во безбедноста и здравјето при работа за 2018 година. Наградите се доделуваат на правни субјекти во четири категории:

- Категорија 1: Услужни дејности;
- Категорија 2: Административни дејности;
- Категорија 3: Производствени, земјоделски, рударски, градежни дејности и сл.

а) мали претпријатија – до 50 вработени;
б) средни претпријатија – до 250 вработени;
в) големи претпријатија – над 250 вработени;

- Категорија 4: Правен субјект кој најмногу инвестирал во безбедноста и здравјето на своите вработени.

Признанијата и наградите на правните субјекти во изборот на компании со добри практики во БЗР, им беа врачени на настанот кој заеднички го организираа трите здруженија во чест на одбележувањето на 28 април - Светскиот ден за БЗР, кој се одржа во Скопје (24.4.2019 година). 2019

## 7.2. Превенција и промоција на здравјето и безбедноста на работниците во малите и средните претпријатија

Во делот на промовирање на неопходноста од организирање и спроведување на политики и мерки од областа на БЗР на ниво на компании, особено на малите и средните претпријатија, меѓу другото значаен придонес даваат и конкурсите кои во текот на годината се спроведуваат за избор на компанија со најдобра пракса и постигнувања во делот на грижата за безбедноста и здравјето на своите вработени. Такви конкурси се реализираа од страна на Националниот совет за БЗР, поддржан од Министерството за труд и социјална политика, како и на заедничка иницијатива на три здруженија на стручни лица од областа на безбедноста при работа. И во двата конкурси посебно се оценуваат и се доделуваат награди и признанија на компании во категоријата на мали и компании во категоријата на средни претпријатија. Прогласувањето на победниците и доделувањето на плакетите, вообичаено се врши за време на пригодните настани кои се организира за одбележување на Светскиот ден за безбедност и здравје при работа - 28 април. Овие конкурси се можност и за дополнителна промоција и мотивирање на компаниите од овие категории, за дополнителни и уште поинтензивни вложувања на време и ресурси во креирање и соодветна имплементација на политики и мерки за заштита на здравјето и безбедноста на работниците, кои пак имаат директно позитивно влијание врз продуктивноста и конкурентноста на компаниите, задоволството на вработените, позитивниот имиџ на самата компанија итн. 2018/19

## 7.3. Изготвување на Програма за реинтеграција и рехабилитација на работниците со професионална болест или болест во врска со работата

## 7.4. Спроведување на активности за престанок на пушењето на работното место

**(ИМТ/МЗМТ)** Институтот за медицина на трудот и Македонското здружение за медицина на трудот реализираа информативни кампањи наменети за охрабрување на прекинот на пушењето кај неколку различни групи на работници (здравствени работници, земјоделци, градежни работници и сл.), во рамките здравственото

просветување, како дел од превентивните здравствени прегледи извршени кај овие работници во периодот 2018-2019 година. 2018/19

## 7.5. Реализација на активности за спречување на повредите на работното место, со посебен фокус на повредите предизвикани од препнување и лизнување на рамна површина во насока на движењето

## 7. 6. Организирање на кампања за сигурни и безбедни работни места

(МЗЗПР) Во организирање и спроведување на кампањата се вклучи Македонското здружение за заштита при работа кое вршеше континуирана промоција на социјалните и ТВ медиуми, организираше едукативни настани, подготви и промовираше спот под насловот „Безбедни и здрави работни места“ и учествуваше во промоцијата на целокупна кампања насловена „Безбедни и здрави работни места“. 2018

Во организација на Македонското здружение за заштита при работа, во текот на година беа промовирани повеќе меѓународни кампањи во областа на безбедноста и здравјето при работа, преку соодветни обраќања и презентации, дистрибуирање на промотивен материјал и сл. Такви се:

- Промоција на кампањата „Управување со опасни супстанци“ на Европската Агенција за безбедност и здравје при работа (EU-OSHA) (во октомври 2019 година, на настани во Струга и Скопје);
- Промоција на кампања „Нема време за губење“ на Институтот за безбедност и здравје при работа од Велика Британија (сите настани организирани од страна на МЗЗПР во текот на годината);
- Промоција на кампања „Мапа на канцерогените заболувања“ на ТНО Институт од Холандија (на настани организирани од МЗЗПР). 2019

На 24 октомври 2019 година Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Советот за безбедност и здравје при работа, организираше соодветен настан за одбележување на Европската недела за безбедност и здравје при работа. Фокусот на настанот беше ставен токму на Кампањата за здрави работни места, која ја организира Европската агенција за безбедност и здравје при работа (EU-OSHA), посветена на темата: „Управување со опасни супстанции на работно место“. На настанот на кој присуствуваа претставници од сите релевантни субјекти кои делуваат во областа на БЗР, беа реализирани и повеќе презентации на теми поврзани со тековната кампања од страна на претставници на државни институции, институции од областа на медицината на трудот (поврзано со влијанието на изложеноста на различните опасни супстанци врз здравјето на работниците), а можеа да се слушнат и неколку конкретни примери од претставници на компании чии работници во својата работа се соочуваат со опасност од изложување на влијанието на опасни супстанции во работните процеси и кои имаат добри практики во имплементирањето на соодветни политики и системи за БЗР во овој дел. 2019

(ТУТЕЛА) Во насока на реализација на своите програмски определби и подигнување на капацитетите на сите чинители на БЗР во Македонија, Здружението „Тутела", како медиумски партнер на Европската агенција за БЗР (EU-OSHA), а во согласност со актуелна кампања 2018/2019 година, чија тема е управувањето со опасни супстанци, во јуни 2019 година во Скопје, организираше обука на тема „Опасни материи - препознавање, категоризација, влијанија, обврски, лична заштитана опрема". Целта на обуката беше преку практични примери и тимски пристап, користејќи најсовремени методи, да може да се препознаат и категоризираат опасните материи, а врз основа на тоа, знаејќи ги влијанијата на опасните матери врз здравјето на работниците, да се примени најсоодветната лична заштитна опрема и да се исполнат законските и подзаконските обврски во овој дел. 2019

## 7.7. Одбележување на меѓународни настани посветени на БЗР (Светски ден за БЗР; Европската недела за безбедност и здравје при работа; Денот на човековите права - 10 декември)

Националниот совет за безбедност и здравје при работа, на посебна свечена седница одржана на 27.04.2018 година го одбележа Светскиот ден за безбедност и здравје при работа - 28 април, под мотото „Безбедна и здрава генерација", посветен на здравјето и безбедноста на младите работници и укинувањето на детскиот труд. Под покровителство на Министерството за труд и социјална политика и Националниот совет, на настанот беа доделени годишни награди (плакети) за добра пракса во областа на безбедност и здравје при работа за 2017 година. Плакети беа доделени на најуспешните претпријатија во овој домен во три категории (мали, средни и големи претпријатија) . 2018

Министерството за труд и социјална политика, заеднички со Советот за БЗР организираше пригоден настан за подигнување на јавната свест, под мотото „Заедно за безбедна и здрава работа во иднина", за одбележување на 28 април - Светскиот ден за безбедност и здравје при работа, осврнувајќи се на значењето, улогата и потребата од развој на БЗР, а имајќи ги во предвид крупните промени кои веќе се случуваат и ќе се случуваат во иднина во однос на работата, водени пред сè од технолошките, демографските промени, климатските промени, промените во делот на организацијата на работата итн. На настанот на кој присуствуваа претставници на сите значајни чинители во оваа област, беа доделени и редовните годишни национални награди (плакети) за најдобра пракса во областа на БЗР за 2018 година. Наградите беа доделени на најуспешните претпријатија во овој домен во три категории (мали, средни и големи претпријатија). На настанот беа доделени и дополнителни награди од страна на здруженија на стручни лица за БЗР и тоа за компании со добри примери и награди на ученици во рамки на организиран конкурс за ученици од основно образование „БЗР од мали нозе".

На 24 октомври 2019 год. МТСП во соработка со Советот за БЗР, организираше и соодветен настан за одбележување на Европската недела за безбедност и здравје при работа (21-25 октомври 2019 год.). Фокусот на настанот беше ставен на Кампањата за здрави работни места, која ја организира Европската агенција за безбедност и здравје

при работа (EU-OSHA), посветена на темата: „Управување со опасни супстанции на работно место“. 2019

Во одбележувањето на значајните датуми поврзани со безбедноста и здравјето при работа, секоја година активно, со голем број на различни организирани информативни, едукативни и промотивни настани, се вклучуваат и сите релевантни субјекти од областа, пред сѐ социјалните партнери, граѓанските здруженија на стручни лица од областа на безбедноста при работа и медицината на трудот, образовните и други институции.

(МЗЗПР) Здружението организираше настани за одбележување на Светскиот ден и европската недела за БЗР меѓу кои:

- 2017 - Светскиот ден за БЗР (28 април) е одбележан на симболичен начин, на градскиот плоштад во Скопје, при што во знак на починатите и повредените работници беа пуштани балони кон височината (црната боја означуваше - број на повредени, додека црвената боја - број на починати работници), испраќајќи порака и симболизирајќи ја на тој начин неповратноста на загубените човечки животи.

  Одбележување на Европската недела за БЗР под мотото „Здрави работни места за сите возрасти“, преку дистрибуција на промотивен материјал во неколку компании, организирање дискусии за предизвиците и проблемите од областа на БЗР.

- 2018 - Светскиот ден за БЗР беше одбележан преку организирање на трибина за безбедни и здрави генерации; реализирање на повеќе инфо-средби и посети во компании кои имплементираат добра пракса за безбедност и здравје при работа, што беше документирано со видео запис и објавено на трибината организирана во Градска библиотека „Браќа Миладиновци” во присуство на средношколци од стручни училишта, претставници од студентски организации. Дискусиите со младите беа на теми поврзани со прашањата за тоа колку младите се запознаени со безбедност и здравје при работа, колку често се среќаваат со БЗР во образовниот процес, кои се нивни предлози за подобрување на работните услови и зголемување на свесноста за важноста на безбедни и здрави работни места?

  Европската недела за БЗР се одбележа под мотото „Управување со опасни супстанци“, при што со промотивни настани само во рамки на неделата беа опфатени над 10,000 работници и беа дистрибуирани промотивни материјали, промоција на социјалните медиуми итн.

  2019 - Светскиот ден за БЗР беше одбележан на 28 април 2019 година во „Спомен парк на загинатите работници“ во општина Аеродром (парк Лисиче), каде беа засадени 33 дрвца, во чест на 33 загинати работници во 2018 година. Дрвцата беа донација од МЗЗПР, со техничка поддршка обезбедена од ЈП „Паркови и зеленило“. Пригодно одбележување на Светскиот ден за БЗР се организираше и во Интернационалниот Балкански Универзитет во Скопје (19.4.2019).

  Беше одбележана и Европската недела за БЗР и Европската кампања за безбедни и здрави работни места со организирање или учество на соодветни

настани, како што е еднодневниот семинар во организација на МЗЗПР и Стопанската комора на тема „Управување со опасни супстанци“ (25.10.2019 г.), на кој како предавачи учествуваа домашни и странски експерти од областа и др. 2017/18/19

**(МФ)** Во октомври 2018 год. Машинскиот факултет од Скопје, во функција на одбележување на европската недела за БЗР, организираше предавање за студентите од студиската програма „Управување со системи за БЗР“, со учество на гостин-предавач од Факултетот за технички науки во Нови Сад, проф. д-р Владимир Мученски.
Во рамки на промовирање на европската кампања за здрави работни места, во организација на МЗЗПР и Машинскиот факултет од Скопје, во октомври 2018 беше реализирана работилница на тема „Управување со опасни супстанци“, за студентите од IV година на Машинскиот факултет во Скопје. 2018

**(ТУТЕЛА)** (2018) Во текот на Европската недела за БЗР (октомври) Здружението на инженери за заштита „ТУТЕЛА“ од Скопје, самостојно и во соработка со партнерите, организираше повеќе настани од промотивен карактер во Скопје, во Штип, Битола, Прилеп, со главна цел за што поголемо промовирање и запознавање на јавноста и различните целни групи со областа на безбедност и здравје при работа и со неопходноста и придобивките од имплементацијата на политиките и системите за БЗР на работните места. Здружението, како медиумски партнер на Европската агенција за БЗР (EU-OSHA) во тој период организираше и десет дневна посета и престој, проследен со различни активности и настани, на „НАПО“ – заштитниот лик и амбасадор на Европската агенција и европската кампања за промовирање на безбедноста и здравјето на работното место. Во текот на овие десет дена, под мотото „НАПО во Македонија“ се реализираа бројни промотивни настани и посети на компании од различни дејности низ државата, посети на повеќе основни и средни училишта за подигнување на свеста кај учениците и нивните професори, посети на државни институции, противпожарни служби, гостувања на медиуми итн.

(2019) Здружението на инженери за заштита „ТУТЕЛА“ - Скопје, Здружението за заштита при работа на Општина Битола и Здружението за безбедност при работа „28-ми април“ - Скопје, на 24.4.2019 година организираа настан под мотото „БЗР од мали нозе – иднината е во младите“ на кој, пред повеќе од 100 присутни – претставници на различни чинители од областа БЗР, како и ученици од основни училишта беше одбележан Светскиот ден за БЗР. На настанот меѓу другото беа доделени и наградите за правните субјекти за добри практики во областа БЗР за минатата 2018 година, согласно конкурсот кој го организираа трите здруженија, а беа врачени и наградите за најдобрите литературни творби од конкурсот „БЗР од мали нозе“, за песни и раскази поврзани со безбедноста и здравјето при работа за ученици од основно образование, од прво до деветто одделение.

Подоцна во октомври, како дел од активностите за одбележување на Европската недела за БЗР, за првпат во Македонија беше отпечатена и промовирана збирка на литературни трудови, песни и раскази, тематски посветени на областа безбедност и

здравје при работа, изготвени од деца - ученици прво до деветто одделение, од основните училишта во државата. 2018/19

Како дел од активностите за одбележување на Светскиот ден за БЗР, на почетокот на мај 2019 година во Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, се одржа настан на кој тројца од членовите на Советот за БЗР одржаа свои презентации за актуелни теми и прашања поврзани со безбедноста и здравјето при работа пред професорите и студентите од Факултет за технички науки, од студиската програма „Инженерство за заштита на работна и животна средина“. 2019

Машинскиот факултет од Скопје на 13.11.2019 год. организираше соодветно предавање на студентите од студиската програма „Управување со системи за БЗР, Индустриско инженерство и менаџмент и Индустриски дизајн“, со учество на гостин предавач од Медицинскиот факултет во Скопје (проф. д-р Јованка Бислимовска). 2019

Стопанската комора на Македонија и МЗЗПР на 25 октомври 2019 година, во периодот на одбележување на Европската недела за безбедност и здравје при работа и европската (EU-OSHA) кампања за безбедни и здрави работни места организираа еднодневен семинар/обука за стручни лица од областа на безбедност при работа на тема „Управување со опасни супстанци“. Како предавачи на семинарот учествуваа домашни и странски експерти од областа и истиот придонесе кон зајакнување на капацитетите на стручните лица за БЗР преку нивно поблиско запознавање со законодавство на Европската унија во делот на управувањето со ризиците поврзани со опасни супстанци и сите опасни супстанци кои може да се појават во широк спектар на занимања: градежништво, услужни дејности, производствени индустрии, рударство, каменоломи, лаборатории, здравствени установи, медицински персонал и сл. Анализа на студија на случаи за тоа кои опасни супстанци се среќаваат во различни работни средини, извори на ризици, кои мерки се превземаат, каква контрола за изложеност се применува, настанати несреќи при работа предизвикани од опасни супстанци, како и начините на кои доаѓа до изложеност на опасни супстанци, идентификување на биолошките штетности итн. 2019

## 8. Превенција на професионални болести, болести во врска со работата и повреди при работа (Следење и откривање на професионалните болести и превенција и намалување на бројот на повреди при работа)

### 8.1. Превенција на повредите при работа

(МЗЗПР) Активности кои во овој дел ги реализираше Македонското здружение за заштита при работа се однесуваат на подготовка на тематски емисии поврзани со превенција на повреда на работа, учество во емисии на ТВ, објава на информации на социјални медиуми, изготвување на 20 истражувачки стории за превенција и намалување на повредите при работа. 2018

(ССМ) Во текот на летниот период Сојузот на синдикатите на Македонија доставуваше објави преку медиумите со барање до работодавачите за доследно почитување на препораките и мерките предвидени со Акцискиот план за превенирање на последиците од топлотните бранови врз здравјето на населението и работниците. 2019

### 8.2. Превенција на професионалните болести

Здружението за безбедност и заштита при работа „28[-ми] април" во ноември организираше работилница на која се дискутираше за најчестите индикатори на повреди на работно место, како и за повредите на екстремитетите при работа. Како предавачи и панел дискутанти на работилницата учествуваа домашни и меѓународни (од Техничкиот факултет во Нови Сад) експерти од областа на безбедност при работа и медицина на трудот. 2018

(МЗЗПР) Активности во делот на изготвување на соодветни промотивни материјали (брошури, флаери, летоци), нивно дистрибуирање и промовирање на настани организирани од МЗЗПР, споделување на информациите на социјални и традиционални медиуми итн. 2018

(ИМТ) Организиран е интерсекторски мултидисциплинарен состанок со 30-тина учесници од областа, во рамките на Деновите на превентивна медицина 2018 година. 2018

(МЗЗПР) Во однос на активностите поврзани со превенција на одредени професионални заболувања кај работниците во одделни сектори и дејности, се подготви и се промовираше анализа за вработените во судската администрација „Ергономски анализи за детекција на потенцијални мускуло-скелетни заболувања кај вработените во судска служба и препораки за ергономско уредување на седечките работни места" (јуни 2019 година) . 2019

## 8.3. Превенција на професионалните малигни болести

## 8.4. Превенција на потенцијалните ефекти на новата технологија (пр. наноматеријали) врз безбедноста и здравјето на работниците

## 8.5. Подобрување на условите на работното место при вработување или враќање на работното место на лице со хронична болест, попреченост или нарушување на психичкото здравје

**(МЗЗПР)** Реализиран е семинар „Моклиште 2017“, на кој една од темите која беше обработувана беше обука за БЗР врз основа на сопствена програма, со акцент на лицата со инвалидитет. 2018

## 8.6. Промоција на здравиот животен стил кај работниците

# 9. Индикатори и информатички систем во БЗР (Унапредување и јакнење на информативните системи во областа на здравје и безбедност на работа)

## 9.1. Развој и зајакнување на информациските системи за следење на здравствената состојба на работниците

Од страна на Машинскиот факултет во Скопје, подготвен е интерактивен модел со ергономски пристап за проценка на ризик и евалуација на системите за БЗР за работни места кои вклучуваат опасни хемиски супстанци. 2019

Исто така во МФ, во рамки на докторска дисертација, креиран е Модел за рангирање на нивото на имплементација на системите за безбедност и здравје при работа. Со помош и примена на моделот се овозможува да се направи реална и објективна оценка во рамки на една компанија (пред сè во поголемите деловни субјекти), за тоа како и со кое ниво на успешност се имплементирани системите на БЗР и како се реализирани и спроведени законски пропишаните обврски и стандарди во оваа област. Моделот дава можност да се идентификуваат добрите елементи од системот за БЗР имплементиран во компаниите, како и да се детектираат критичните точки и недостатоци, врз основа на што ќе може да се планираат и спроведуваат мерки за подобрување. Моделот првично е применет во рамки на постапката за доделување на националната награда за компании со најдобра пракса во областа на БЗР во 2019 година. 2018/19

## 9.2. Формирање и развој на бази на податоци за здравствената состојба на работниците

## 9.3. Подобрување на соработката со другите општествени сектори - СЗО принцип „Здравје во сите политики“

## 9.4. Воведување на ЕСАВ методологијата за евиденција на повредите при работа

**(МФ)** Од страна на Машинскиот факултет во Скопје спроведено е истражување на тема: „Процедури за пријава на повреда при работа, како основа за подобрување на системите за безбедност и здравје при работа“. 2018

### 9.4.1. Подготовка за изработка на унифициран софтвер за пријави на повреди при работа според ЕСАВ методологијата

## 9.5. Воведување на ЕОДС методологијата за евиденција на професионалните болести

## 9.6. Развој, зајакнување и водење на единствен регистар за повреди при работа и регистар за професионални болести

(МЗЗПР) Македонското здружение за заштита при работа редовно подготвува и промовира свој независен извештај за несреќи при работа (почнувајќи од 2007 година), по ESAW методологија. За подготовка на извештајот се земаат податоци од електронски и печатени медиуми, а пред објавувањето, се пристапува до сите релевантни институции со цел добивање на комплетни податоци за настанати несреќи при работа и смртни случаи во државата. Институтот за јавно здравје испраќа до МЗЗПР вакви податоци. 2018/19

# 10. Меѓународна соработка во областа на БЗР (Меѓународна соработка во областа на здравје и безбедност при работа)

## 10.1. Суб-регионална соработка во Југоисточна Европа, преку СЗО Мрежата за здравјето на работниците на ЈИЕ (Југоисточна Европа), со подршка на СЗО - Регионална Канцеларија на Европа

**(ИМТ)** Реализирани активности во овој дел:

- Учество на состанок на СЗО Мрежата за здравјето на работниците на ЈИЕ (SEENWH - South-East European Network on Workers' Health), посветен на местото и улогата на медицината на трудот во примарната здравствена заштита (13-ти состанок на SEENWH, на тема Универзалната здравствена покриеност и услуги на медицината на трудот, одржан во Будва, Црна Гора, во јули 2017 година);
- Организиран и одржан состанок на СЗО Мрежата за здравјето на работниците на ЈИЕ (SEENWH - South-East European Network on Workers' Health) на теми од областа на животна средина и здравје (14-ти состанок на SEENWH, посветен на климатските промени и здравјето на работниците, одржан во Скопје, во јуни 2018 година);
- учество на експертски тим од Институтот за медицина на трудот на 7от Хрватски конгрес за медицина на трудот и на придружниот 15ти јубилеен состанок на SEENWH (South-East European Network on Workers' Health) во Пула, Хрватска, во октомври 2019 година, и дискусии на тема „Јакнење на системите за медицина на трудот и градење на институционални и хумани капацитети во ЈИЕ преку меѓународна соработка". 2017/18/19

## 10.2. Соработка и размена на искуства за БЗР од РМ и земјите од Регионот на ЈИЕ

**(МЗЗПР)** Голем дел од активностите во овој дел се реализирани од страна (и во координација) на Македонското здружение за заштита при работа и тие вклучуваат:

- Подготовка на регионална студија за безбедност и здравје при работа, која дава преглед на ситуацијата во регионот во однос работните услови, безбедноста и здравјето при работа и прави проценка за потребите на граѓанските организации вклучени во креирањето и процесот на донесување одлуки во областа, на регионално ниво. Регионалната студија е придружена со регионална Стратегија за БЗР, чија главна цел е подобрување на безбедноста и здравјето при работа, подобрување на условите за работа во ИПА регионот, преку активно учество и соработка на регионалните граѓански организации.
- Се организираше Работилница за подготовка на регионална студија и стратегија за безбедност и здравје при работа, на која беше презентирана анализа на изготвените национални студии за безбедност и здравје при работа во земјите во кои се имплементира Проектот: Македонија, Албанија, Црна Гора, Косово и Србија. Претставници од овие земји накратко ги презентираа своите национални студии кои ги опфаќаат Законот за безбедност и здравје при работа,

подзаконските акти изготвени за спроведување на Законот, усогласеноста со меѓународните стандарди, надлежните институции за БЗР, улогата на социјалните партнери, евиденцијата од областа на безбедноста и здравјето при работа итн. Предлозите и заклучоците од оваа работилница претставуваат релевантен материјал и документ за изготвување на заедничката регионална студија и стратегија за заедничко делување за безбедност и здравје при работа.

- Изработка на регионално промотивно видео за подобрување на работните услови. Видеото, воедно е изготвено како поддршка на акциските грантови, како дел од проектот, кои имаат за цел да ја зајакнат соработката помеѓу граѓанските и медиумските организации, промоција на регионалната соработка и подобрување на медиумското влијание преку истражувачко новинарство во делот на безбедност и здравје при работа.
- Изработени се регионални истражувачки стории за БЗР во секоја земја од регионот (Македонија, Албанија, Србија, Црна Гора, Косово). Целта на сториите беше подобрување на квалитетот на истражувачките стории во развојот на безбедноста и здравјето при работа, можност да се влијае во општеството, да се понудат иновативни пристапи како граѓанскиот сектор преку медиумите да соработува со државните институции, да се имплементираат Европските стандарди, да се подигне јавната свест, да се поттикне приближување на интеграцијата на ИПА земјите кон Европа во оваа област.
- Реализирање на состаноци и средби со членовите на Балканската мрежа за БЗР (BALcanOSH.net) на кои се дискутира за проблемите, но и предизвиците од областа на БЗР и се конципираат планови за приоритетни акции.
- Реализирање на трета Меѓународна конференција за регионална соработка во Црна Гора, под мотото „Градење на БЗР во 21-от век“.
- Организирана четврта Меѓународна конференција за регионална соработка, во Косово, на кои беа дискутирани прашања на теми „Подобри професионалци за БЗР - подобри услуги за БЗР“, „Управување со опасни супстанци“, „Градење здрави и безбедни генерации“, „Евиденција на податоци“.
- Во јуни 2018 година Здружението, заеднички со претставници на балканската мрежа за безбедност и здравје при работа BALcanOSH.net, претставници на релевантни граѓански организации и медиуми од Македонија, Албанија, Косово, Србија и Црна Гора, реализираше студиската посета во Европската агенција за безбедност и здравје при работа од Билбао (EU OSHA). Целта на оваа студиска посета беше да овозможи размена на искуства во врска со стратешко и организациско планирање, имплементација на стандарди за безбедност и здравје при работа, застапување и вклучување на граѓанските организации во оваа област, спроведување на информативни кампањи за прашања и теми од областа, комуникациска стратегија, мрежно поврзување итн. За време на посетата, сите учесници имаа можност детално и директно да се запознаат со функционирањето на Европската агенција – EU OSHA, нејзината поставеност, надлежностите, активностите кои тие ги реализираат итн. 2018

Во јуни 218 година, во Охрид во организација на Европското здружение на инженери по безбедност, се одржа 13-тата Меѓународна конференција за управување и безбедност (International Conference Management and Safety - M&S) посветена на темата „Проектен менаџмент и безбедноста", која меѓу другото овозможи размена на релевантни искуства и знаења и придонес кон континуираната и постојаната едукација на стручните лица за безбедност при работа. 2018

Реализирано е учество на 15-та меѓународна конференција за БЗР на тема „Континуирана едукација - основа за подобрување на БЗР" (18-22 септември 2018 год. во Кладово, Р. Србија). На конференцијата, меѓу другите учествуваа претставници од Машинскиот факултет во Скопје, Машинскиот факултет во Штип, Факултетот за безбедносно инженерство од Свети Николе. 2018

Во периодот 9-12 октомври 2019 година, во Охрид се одржа 16-та Меѓународна конференција за БЗР на тема „Безбедноста на работа - приоритет во работењето", која имаше за цел да придонесе кон унапредување на знаењата и размена на искуства помеѓу стручната фела од областа на БЗР од регионот. Конференцијата беше организирана од страна на Здружението за безбедност при работа „28-ми април" и Сојузот за заштита на работа на Република Србија, а како коорганизатори на конференцијата беа и Универзитетот „Гоце Делчев" од Штип, Факултетот за природно-технички науки од Нови Сад и факултетот за технички науки од Ниш, Р. Србија. 2019

**(МЗЗПР)** На настан кој се одржа во Скопје на 14 март 2019 година, беше промовирана подготвената Национална студија за безбедност и здравје при работа. Дел од излагањата и дебатите за време на настанот се однесуваа и на актуелната состојба во оваа сфера, бројот и видот на повреди и несреќи на работните места во Македонија, конкретни препораки за подобрување на состојбите, како и примена на законодавството и праксата на Европската Унија во оваа област. Студијата за Македонија е изработена во рамките на регионалната платформа за заштита при работа „BALcanOSH.net". Покрај за нашата земја, национални студии за безбедност и здравје при работа се изготвени и останатите земји од регионот, т.е. за Албанија, Црна Гора, Косово и Србија. Студиите се изработени во рамките на проектот „Зголемување на капацитетите и зајакнување на улогата на регионалните граѓански организации за подобрување на работните услови и дијалог со државни институции" кој е финансиран од страна на Европската Унија.

Во текот на годината беа промовирани и изготвените регионални студии и за другите земји кои учествуваа во реализацијата на проектот и тоа:

- 20.3.2019, Белград - промовирана е Студија за БЗР во Србија;
- 15.4.2029, Подгорица - Промовирана е студијата за безбедност и здравје при работа за Црна Гора, во Министерството за труд и социјална грижа. Во оваа прилика реализирана е и средба со Амбасадорот во Амбасадата на Македонија во Црна Гора, на која беа презентирани студиите за безбедност и здравје при работа за регионот, како и регионалната платформа за БЗР;

- 17.4.2019, Тирана - Промовирана студијата за безбедност и здравје при работа за Албанија
- 29.3.2019, Приштина – остварена е работна средба на оваа тема во Министерството за труд и социјална политика на Косово.

На почетокот на јуни во Драч, Албанија се организираше петтата Меѓународна конференција за регионална соработка во областа на безбедност и здравје при работа, под мотото „Работата преку објективот на БЗР“. Меѓународната конференција претставува значаен настан за претставниците од земјите од регионот за размена на информации и мислења помеѓу граѓанските организации и експерти за безбедност и здравје при работа, претставници на компании и вработени, државни институции, социјални партнери и секој кој е активен во областа на безбедноста и здравјето при работа. Конференцијата е значајна за регионалната соработка, вмрежувањето и вклученоста на граѓанските организации во процесите на креирање на политики и процесите на донесување на одлуки во делот на БЗР. На конференцијата беа опфатени повеќе тематски подрачја, помеѓу кои медиумите и БЗР; унапредување на културата за превенција; национални студии за БЗР и Регионална стратегија за БЗР; добрите практики за БЗР се добри за бизнисот; регионални БЗР предизвици итн. 2019

## Кратенки:

| | | |
|---|---|---|
| **БЗР** | - | Безбедност и здравје при работа |
| **ССМ** | - | Сојуз на синдикати на Македонија |
| **ОРМ** | - | Организација на работодавачи на Македонија |
| **МТСП** | - | Министерство за труд и социјална политика |
| **ДИТ** | - | Државен инспекторат за труд |
| **ИМТ** | - | Институт за медицина на трудот на Република Северна Македонија |
| **МЗМТ** | - | Македонско здружение за медицина на трудот |
| **МЗЗПР** | - | Македонско здружение за заштита при работа, Скопје |
| **МОТ** | - | Меѓународна организација на трудот |
| **МФ** | - | Машински факултет, Скопје |
| **ТУТЕЛА** | - | Здружение на инженери за заштита „Тутела“, Скопје |
| **ЕУ** | - | Европска унија |
| **EU-OSHA** | - | Европска агенција за БЗР (European Agency for Safety and Health at Work), Билбао, Шпанија |
| **ИПА (IPA)** | - | Инструмент на ЕУ за претпристапна помош (EU Instrument for Pre-Accession Assisstance) |